СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Педесет и деветта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 март 1997 година

Скопје, март 1997 година

**ПЕДЕСТ И ДЕВЕТТА (59) СЕДНИЦА, III ПРОДОЛЖЕНИЕ ОДРЖАНА НА 19.III.97**

Т.20-стр.1

ИНФОРМАЦИЈА ЗА ДОСЕГА ПРЕЗЕМЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ ВЛАДАТА НА РМ НАМЕРАВА ДА ГИ ПРЕЗЕМЕ ЗА СИТЕ ДОСЕГАШНИ СЛУЧАЕВИ НА МАСОВНА ИЗМАМА И ГРАБЕЖ НА ГРАГАНИТЕ ПОД ФИРМА НА ШТЕДЕЊЕ

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 50, 53, 56
2. АБДИ ФАИК 57, 62
3. ДИМОВ ЛАЗАР 74
4. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО 66
5. КОЦЕВСКИ АЦЕ 25
6. КОТЛАР МАРЈАН 72
7. МЕШКОВ ЉУПЧО 37, 45, 56,87
8. ПЕТКОВСКИ ТИТО (претседава) 1
9. ПОПОВСКИ ВЛАДО (министер за правда) 89, 90
10. СТАНОЕВСКИ БОРКО (Гувернер на НБ) 3, 9, 18, 80, 109, 112
11. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО 71
12. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 101, 105, 112
13. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 108
14. ТАНТАРОВ ВЕЉО 2, 27, 101
15. ТРАЈКОВ МИЛЧО 35
16. ТРПЕВСКИ ЉУБЕ (министер) 74
17. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 96, 97
18. ФИТИ ТАКИ (министер за финансии) 25
19. ШАПУРИЌ ЗОРАН 63

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ од Третото продолжение на 59-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 19 март 1997 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија сала за седници со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 59-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јован Србиновски, Никола Г. Поповски, Атанас Вангелов и? Ристо Трајков ме известија дека од неоправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката 20.

Информација за досега преземените мерки и активности кои Владата на Република Македонија камерава да ги преземе за сите досегашни случаеви на масовна измама и грабеж на граѓаните пот фирма на штедење.

Новиот текст на Информацијата на Владата, за досега преземените и планираните мерки и активности, во врска со случувањата во одделни штедилници и претпријатија, кои под различни форми прибираат средства на граѓаните ви е поделено.

Исто така, поделена Ви е и Информацијата на јавното обвинителство на Македонија за актуелните појави на измама, извршени од страна на сопственици на штедилници и претпријатија кои вршеле менувачки работи и информацијата на Народната банка на Република Македонија за настанувањата на проблемите од работењето на штедилниците АЛФАС, Акционерско друштво Скопје, и Лавци Охрид, како

и извештајот на Комисијата за финансирање и буџет, што Ви е поделен.

Отворам претрес

Има процедурални Вељо Тантаров**.**

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитуван гувернере и директор на Заводот за платен промет . Имајќи ги предвид состојбите со штедачките афери што ја потресоа нашава држава, апелот на нејзиниот претседател, за откривање на сите штедачки манипулации преку кои се ограбени вистинските и чесни штедачи барањето на претседателот на Владата на Република Македонија на писмени изјави од сите министри и заменици министри кои од нив е штедач и под какви услови штеди и дали ги подигнале своите штедни влогови, барав ваква анкета да се организира и спроведе меѓу пратениците. Се со една цел да се види кој пратеник е штедач, со какви штедни камати и дали благодарение на пратеничката функција ги има подигнато штедните влогови пред да"пукнат тиквите" со штедилничките афери. Инаку, не е грев ако пратениците штеделе во овие штедилници, во рамките на домаќинското штедење. Грев, е голем грев направиле, ако биле вклучени во криминалното штедење. Ако штеделе со високи камати со кои се ограбени чесните и сиромашни штедачи. Барам и отворање на листата на сит е штедачи кои во изминатиот период ги ослободија заробените девизни сметам дека денес време е да се оттргне превезот од оваа така наречена банкарска тајна. Сметам дека оние што ги ослободија заробените девизи направиле уште поголем криминал, од овој криминал што е досега направен со штедењето. Инаку веднаш да кажам дека јас не сум ни штедач, ни корисник на било каков кредит од "ТАТ" или друга некоја банка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа можеме во расправата.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Барам да се гласа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам предлогот на господинот Тантаров е пратениците да дадат изјава дали се корисници на шпекулативни кредити од штедилниците.

Молам, предлогот на господинот Тантаров го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

76 пратеници гласаа за

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека предлогот е прифатен.

Има збор г-динот Станоевски, гувернер на Народната банка.

**БОРКО СТАНОЕВСКИ:**

Почитуван претседеателе, почитувани пратеници, дами и господо. Денеска за прв пат пред ова Собрание имам една непријатна обврска да зборувам за непријатни случувања во секторот за кој одговарам, а тоа е за негативните појави во неколку штедилници, кои банкротираа а имаат неизмирени обврски према штедачите во нив.

Јас вчера се обидов нешто писмено да припремам, меѓутоа, веројатно поради притисок на проблемот, на обемноста на проблемот,-лично речено не знаев од каде да почнам и каде да завршам, така што се извинувам дека мојата дискусија ќе биде слободна, не е пишана, а за наредната седница кога ќе ја завршиме работата во ТАТ ќе ви припремине писмен извештај во најситни детали, за се она што ќе дојдеме како сознание во таа штедилница, поготово штедилницата ТАТ.

I/4.-

На минатата седница ви беше презентирана една информација за проблемите настанати во две штедилници, тоа е штедилницата АЛФАС во Скопје, и штедилницата Лавци во Охрид, а бидејќи се ближеше датумот кога што требаше да се изврши прием и регистрација на штедилниците и банките во Фондот за осигурување на депозити, а во врска со тоа пропишавме една многу строга процедура на проверка на бонитетот на билансите на банките замоливме да се одложи дискусијата по таа точка, како би можел денеска да Ви кажам повеќе податоци за сите штедилници и банки во Македонија во каква состојба се, каков е степенот на сигурност на штедачите во тие институции и кои останаа на страна од Фондот,не се зачленети во Фондот и кои понатаму ќе бидат ризични институции.

Јас би сакал со неколку воведни зборови да Ве воведам во законската регулатива, која што го регулира работењето на штедилниците. Кога Македонија монетарно се осамостои од поранешна СФРЈ, на- територијата на Република Македонија, формирани по разни прописи, важечки во стара Југославија, работеа околу 110 штедно - кредитни, или финансиски организации, кои покрај другото се бавеа и со штедење и давање потрошачки кредити на граѓани.

Со законот за банки и штедилници, донесен во мај 19 93 година, ние штедилниците ги институционализиравме како финансиски и правни лица кои можат да се бават, исклучиво со прибирање на штедни влогови од граѓаните и давање на потрошачки кредити на граѓаните.

Основен мотив тогаш во тоа време, за мене, да се внесе таа институција во Законот, за право беа тие 110 штедно кредитни претпријатија, во кои што имаше и прилично големи биланси, односно обврски према граѓаните. Инаку, мојот ли^ен став тогаш беше дека штедилниците поради малиот број на вработеност, поради начинот на работење исклучиво во готовина, поради начинот на работење со документација која во голем процент е недостапна на контролата на

народна банка се високо ризични и не треба да влезат во законот. Меѓутоа, законот е донесен, но во исто време направен е еден друг системски пропуст, во исто време донесен е и законот за Народна банка на Република Македонија каде што врз членот 21 се вградени одредбите н а гаранција за осигурување на штедните влогови на граѓаните искажани во денари во банките, дека таа можност не градена и за штедилниците, туку е оставено штедилниците сами да се обезбедат со хипотеки, со полиси за осигурување кај осигурителни организации, или на некој друг начин со гаранција од банка итн. Значи уште во тоа време било познато дека штедилниците како финансиски институции се институции со висок ризик на работење.

Во 1996 година извршени се измени и дополнувања на Законот за банките и штедилниците и на Законот за народна банка на Република Македонија, дејностите на штедилниците се проширени, со тоа што тие можат да даваат и кредити на правни лица, на претпријатија иако по мое лична оценка не биле способни да прават проценка на инвестициони проекти за давање на кредити во претпријатија во кои што тие не можеле да дојдат до прави сознанија дали се тие претпријатија добри или лоши и отворена една нова можност да се влезе во ризични пласмани.

Меѓутоа, со тие промени направена е една друга многу значајна и позитивна промена, вградени се во Законот за банки и штедилници одредбите за формирање на фонд за осигурување на депозити во кои се вклучени и банките и штедилниците. Тоа е фонд кој требаше да се формира во рок од три месеци, меѓутоа, од многу причини неговото формирање со оддолжува и заправо сега, деновиве од половината на месец март тој практично стапи во сила и почнува да функционира и јас ќе ви кажам колку од постоечките штедилници веќе се членки на тој фонд и се покриени со таа гаранција на фондот која изнесува 65% од штедните влогови и тоа и за штедните влогови во денари к за штедните влогови во девизи.

I/6.-

Во меѓувреме, почнувајќи од мај 19 92 година до денеска во Македонија се формирани 31 штедилница, од која 13 се пререгистрирани стари штедно кредитни претпријатија, согласно член 129 од тогашниот закон за банки и штедилници, другите се новоформирани штедилници, по многу построга процедура, во меѓувреме седум поради разни неправилности во нивното работење и недоследности се ликвидирани и денеска практично функционираат 24 штедилници.

Од тие 24 штедилници 12 се јавуваат како основачи на Фондот за осигурување на депозити и 8- веќе се во Фондот членки и депозитите на граѓаните во нив се осигурени. Јас можам и да ви ги кажам тоа се штедилниците на Фершпед Скопје, Младинец Скопје, Поштенска штедилница, Инко-Скопје, МАК-БС-Скопје, Киро Чучук-Титов Велес, Пеон-Струмица и Македонска штедилница - Скопје.

Приемот во Фондот одложен е за пократко или подолго време кај четири штедилници, тоа е ТАТ Битола, за која ќе дадам посебен извештај, НИК Куманово за кое што имавме некои информации за кои што нешто се случува, супер визија беше таму провери, се е во ред, и таа ќе биде денеска или утре зачленета во Фондот, Либерт-Интернационал, штедилница во Битола, за која исто така добивме некои информации, дека има нешто што треба да се провери и нејзиното зачленување и нејзиното зачленуваше е стопирано и Интерфалко - Скопје,за кои Фондот Управниот одбор на фондот за осигурување на депозити има некои забелешки на извршената контрола од Народна банка, и треба да се проверат Се очекува дека овие три НИК-Куманово, Либерти,Интерфалко, ќе бидат наскоро зачленети во Фондот, а исто така и Унипроком Скоје, која што контролата веќе констатира дека се отстранети неправилностите кои се утврдени со закон. Така да веќе наредните денови тие 12 штедилници ќе се подзакрила на Фондот за осигурување на депозити и штедачите кои се депозитари во тие штедилници ќе бидат под заштита на Фондот нивниот влог во секој случај

ќе биде обезбеден, во случај на банкротство или ликвидација на тие штедилници, и ќе биден обезбеден 65%.

Од останатите штедилници имаме шест штедилници кои воопшто немаат штедни влогови и кои веројатно ние со решение ќе им го одземеме натаму правото да прибираат штедни влогови и тоа ќе биде јавно објавено и ќе се бават само со пласирање на сопствен капитал. Има уште три или четири штедилници кои имаат мали износи на штедни влогови, не пројавиле интерес за зачленување во Фондот, или пак се водат сеуште некои постапки од страна на контрола на Народна банка на Република Македонија, се надевам дека за неколку дена со нив исто така к е биде договорено, или да бидат членки на Фондот или да им се забрани со решение на Народна банка да се бават со тие дејности.

Од постојните штедилници 24 штедилници проблеми има само кај ТАТ и да ви изнесам само уште тоа дека во сите тие штедилници вкупните депозитви, штедни влогови на граѓаните изнесуваат 133 милиони денари, тоа е сосема мала сума во однос на сумата што ја имаме во штедилниците кои се во стечајна постапка, или под контрола, како што е ТАТ и имаме поголем значаен влог на штедни влогови во Поштенска штедилница, која по нашата оценка воопшто не е ризична 207 милиони денари, или вкупно се тоа депозити во износ од 340 милиони кои сега се веќе под заштита на Фондот за осигурување на депозити.

Нешто би сакал да кажам за компетенциите на Народна банка во врска со контролата на штедилниците.

Со Законот за Народна банка, пропишано е дека супер визикска и инспекциска контрола над работењето над банките и штедилници^ спроведува Народна банка на Република Македонија, согласно со членот 47 од Законот за Народна банка на Република Македонија и Народна банка ги контролира супервизорските стандарди потпишани од страна на Народна банка на Република Македонија и спроведувањето на прописите во таа област и одлуките кои што Народна банка ги донела

врз основа на тие прописи. Контролата Народна банка ја води врз основа на званичното книговодство кое што го води секоја банка или штедилница, врз основа на која се поднесуваат месечни извештаи, периодични и гоидшни пресметки. Народна банка не може да врши друг вид на контрола дали после званичната евиденција се води некоја друга евиденција, или има друга документација која не се води во никаква евиденција, меѓутоа, не е ни во званичната книговодствена евиденција. Тоа е случај на чист криминал и веројатно за тоа треба да се надлежни некои други органи. Таков орган е предвиден и во законот за банки и штедилници, тоа е органот овластен ревизор кој со свој потпис треба да тврди дека завршна сметка и сите документи, финансиски документи на една банка или штедилница се автентични, ги опфаќаат сите документи, кои се јавуваат во текот на работењето на надлежната институција и со свој потпис гарантира пред Народната банка и пред Министерството за финансии дека завршната сметка е адекватна на реалната состојба. Таа институција овластен е ревизор, за жал, сеуште не е заживеана, веројатно од проста причина што не е во законот посочен органот кој треба да ја формира. Дали Министерство за финансии, дали централната банка,и веројатно во таа смисла треба да се изврши дополнување на законот за банки и штедилници. Такви институции постојат во светот, јас сум работел во Германија и знам дека таа функција во Германија се вика штерерберaтер, тоа е овластен човек од државата кој со свој потпис и со свој печат на фирмата гарантира дека завршната сметка на едно претпријатие, акционерско или било какво и банка е адекватно на документацијата на работењето, односно на реалната состојба во претпријатието.

**БОРКО СТАНОЕВСКИ:(**продолжение)

За жал не е досега таа институција не ја заживеавме и денеска, после промените на Законот за општественото книговодство, донесувањето на Законот за платен промет практично нема орган освен директорот на претпријатието или Банката кој одговара за законитоста на Завршната сметка. Интересите на директорот во претпријатието не можат да бидат исти со интересите на некој независен орган кој е задолжен за точноста на завршната сметка, Годишната пресметка. Во таа смисла треба да се направи една измена во Законот за банки и штедилници и да се посочи орган кој е овластен да дава лиценци за да се формира таа институција - овластени ревизори.

За да се сфати како е можно после толку контроли Народ- на банка да не ја констатира правата вистина во една штедилница, или банка, во банка обично ја констатираме секогаш правата вистина затоа што таму нема ниту теоретски шанси да се крие било каква документација или да не се искаже во книговодството. Јас сакам да ви кажам дека во контролата на штедилниците Народната банка е прилично ограничена.

Прво, најголем дела од пасивата на штедилниците претставуваат депозитите на граѓаните. Тие согласно членот 74 од Законот за банки и штедилници претставуваат деловна тајна и можат да се проверуваат само во договор односно врз основа на некој документ добиен од надлежен судски орган. Тоа е кај нас недостапна документација во секоја нормална контрола, ако нешто не се посомневаме од повеќе причини за

да побараме од Судот да ни даде таква дозвола. Тоа е скоро 80% од активата во просек на секоја штедилница. Значи 80% од пасивата на секоја штедилница за Народна банка е недостапна. Ние ја добиваме неа како книговодствена глобална цифра за вкупниот обем на штедните влогови, меѓутоа по име и презиме, по партии не смееме да се упуштиме, затоа што тоа е кршење, не смее тоа ни банката да ни го даде затоа што е тоа деловна тајна која не смее да ја издаде без судски налог.

Второ, проблемот со штедилниците е тоа што таму скоро 80-90% од работењето се одвива во готовински трансакции, во готови пари и готовите пари отвораат многу можности за злоупотреби, дали тие ќе се искажат во касата, или не, дали од касата ќе се пренесат на жито сметката во Заводот за платен промет или не. Во секој случај тие можности можат да се откријат само откако ќе се случат, откако ќе реагираат странки. Тоа се криминални дејствија кои дополнителноможат да се откријат. Во случајот на ТАТ само 10% од сите трансакции што ги правела штедилницата ТАТ во минатите години се евидентирани преку касата и преку жиро метката на банката, другото се минало мимо касата, мимо жиро сметката, или минало преку благајнички извештаи кои не биле евидентирани, биле фалсификувани.

Затоа нашата контрола главно се задржала на активата на контрола на бонитетот на активата. На крајот на краиштата и не е толку битно кога се работи во ред, во согласност со прописите, се проверува активата и пасивата, бидејќи тие се секогаш квалитетни Секој депозит, секој штеден влог е внесен во готови пари, сеедно дали е внесен во денари или во девизи. Неговиот квалитет нема потреба многу да се

проверува. Нашата контрола е ориентирана исклучиво на контролата на активата, на бонитетот на побарувањата на штедилницата односно банката, дали се тие наплатени или не се, дали се обезбедени со инструменти за наплатување и од аспект на тоа правиме класификација на кредитното портфолио и главната оценка што ја даваме за банка или штедилница зависи од бонитетот на кредитното портфолио.

Во врска со двете штедилници Алфа-С во Скопје и Лавци доставен вие прилично детален материјал кој влегува во историјата на нивното формирање, начинот и обемот на нашите контроли вршени во тие две штедилници; проблемите кои ископнаа на крајот ги имате, билансите кои се како завршни документи утврдени од нашите супервизори и против двете се донесени одлуки за стечајна постапка. Во Алфа —С веќе таа е напредната, определен е стечаен судски совет, стечаен управник, задолжен е дури и судија кој исклучиво ќе се бави со активата на штедилницата односно со решавањето на хипотеките на штедилницата Алфа-С.

Вчера имав прва средба со стечајниот управник. Добив впечаток дека станува збор за многу упорен, многу стручен човек и према неговите први сознанија состојбата во Алфа-с не е така лоша, имовината е прилично добра и може да се претвори во готовина со која ќе бидат голем дел од штедните влогови на граѓаните исплатени. Меѓутоа исто така ми потврди дека и на страната на депозитите ќе треба да се направат значајни корекции. Тој веќе припремил една добра процедура врз основа на која ќе се види, и исто така, колку е почетниот долг на секој штедач, понатаму колку е пресметана камата и исплатена камата и со тоа ќе настојува да го доведе сите штедачи во рамноправна положба. Прво да се исплати главницата доколку е можно тоа да се исплати во

целина, а потоа доколку имовината тоа го дозволи сите подеднакво да добијат подеднаков процент на обесштетување на каматите.

Со оглед на тоа ме убеди дека има извонредно добра соработка со Судот и дека е назначен посебен судија кој ќе работи на оваа работа сметам дека оваа стечена постапка ќе се одвива брзо и ќе даде прилично добри резултати. Веројатно доколку се јават некој негативни финансиски резултати на крајот тие ќе бидат многу минимални.

Во врска со Лавци исто така во почетокот на оваа година донесено е решение и од Гувернерот и до Советот утврдено за отворање на стечајна постапка. Според првите сознанија во Судот во Охрид постапката тргнала по некој побавен пат. Судот отворил процедура на утврдување потреба на поведување стечајна постапка, што е постапка која се води кај претпријатија. Истата постапка е применета и кај банка. Ние ќе разговараме со Судот. Мислам дека и таму ќе се покрене брзо постапката. Вкупниот биланс на таа штедилница е значително подобар. Доколку се наплати активата во еден значен протест, некаде околу 80% да се наплати активата ќе има доволно средства да се покријат сите депозити на граѓаните. Дури ќе има и нешто повеќе од покривањето на депозитите, меѓутоа прашање е таму дали Судот ќе ги прифати сите каматни стапки кои што ги применувал, сопственикот на штедилницата бидејќи побарувањата на штедилницата по основ на сите кредити главно потекнуваат по основ на побарувања од пресметана камата. Таа навистина била во одредени години многу висока, 1993, 1994, 1995 година и сега во денешни услови изгледа навистина голема камата, меѓутоа во тие времиња тој исплатувал навистина висока камата и на

II/5.-

депозитите. Има денеска должници кои се јавуваат да си го измират долгот према штедилницата, меѓутоа нудат камата која важи денеска. Мислам дека тоа судовите не треба да го дозволат. Ќе треба да се примени секоја каматна стапка која важела во годината за која тој имал долг према штедилницата.

Јас за овие две штедилници повеќе нема да ве заморувам, бидејќи имате доволно јасни материјали, а доколку има прашања после и ако можам ќе се обидам да ги појаснам некој работи.

За штедилницата ТАТ имате мал материјал, од две-три страници како дополнување на материјалот за претходните две штедилници. Тука е направен само вовед на откривањето на проблемот.

Штедилницата мораше да ги истакне списоците на сите депозитари. Врз основа на тие списоци да се изврши усогласување на евиденцијата на штедилницата со евиденцијата што ја имаме во Народна банка и да се добие оценка за бонитетот на штедилницата. Во таа постапка на истакнување на списоците се констатира дека кај таа штедилница имало огромен број на депозити, депозити партии, партии на штедни влогови кои не биле евидентирани во званичната книговодствена евиденција на штедилницата и не биле искажувани во месечните извештаи и во периодичните, полугодишните и годишните пресметки на штедилницата. Од тие причини ние донесовме решение за предсанациона постапка со која директорката и сопственичката на штедилницата е суспендирана од работното место, ставен е човек од Народна банка да го организира работењето на штедилницата и воведена е во исто време контрола за да се утврди правата, фактичката состојба.

Нашите сознанија прикажуваат дека само околу 10% од документацијата била предавана на книговодителот кој книговодствено

го правел книговодството на штедилницата и ги правел сите месечни, полугодишни и годишни пресметки, а другото се водело на некоја компјутерска евиденција која била тајна и за Народна банка, веројатно тајна за целта јавност и за сите други органи кои не можеле да наслутат дека се случува нешто повеќе од тој званичен биланс.

Оваа штедилница е формирана во ноември 1993 година со пререгистрација користејќи го членот 129 од Законот за банки и штедилници. Барањето, од нејзиното формирање до денес јас можам да посочам, така да кажам три пропусти на Народна банка во постапката на формирање на оваа штедилница и во постапката на нејзината контрола.

Првата грешка или пропуст направен е во фазата на пререгистрација на штедилницата. За пререгистрација и за издавање на дозвола за штедилници во Народна банка беше формирана комисија од 5 члена и секретар. Претседател на таа комисија беше мојот заменик, а според тоа најврвниот за мене човек и други четворица најискусни работници во Народна банка во областа на монетарно - кредитно и девизно работење, главно директори на дирекции, а за секретар исто така правник кој би требало да ги следи сите работи од Законот кои се пропишани.

Пред месец дена открив дека е направен еден пропуст во еден многу битен документ за кој е пропишан во член 6 од Законот за банки и штедилници, каде покрај другото се пропишани и два документа за основачите и сопствениците да поднесат документ од кој ќе се види дека не се под судска истрага, дека во моментот на основање не се води против нив никаква судска постапка и друг документ уверување дека до тогаш не се осудувани за финансиски криминал и за престап од областа

на финансиите. Јас пред месец дена дознав дека г-ѓата Соња Николовска била осудувана и дека практично не можела да добие од званичен орган уверение дека не е осудувана и го побарав целото досие за оваа штедилница, сакав да го проверам. И ја проверив процедурата како течело ова давање на предлог до гувернерот за донесување на решение со кое се утврдува дека се исполнети условите за пререгистрација на тоа штедно, кредитно и трговско претпријатие во штедилница и менувачница ТАТ Битола. Мислев дека Комисијата направила некој ненамерен превид, меѓутоа сега верувам дека тоа било можеби и една мала режија. Во Законот се бараат, според членот 78 десет документи за да се изврши оценка, плус оние од членот 6 уверение за освинвачите. Биле доставени некаде 16 разни документи и во пропратното писмо било напишано дека се доставува и уверение за неосудуваност на лицето Соња Николовска,меѓутоа тоа било уверение дека во тоа време против неа не се води постапка или истрага пред некој судски орган. И веројатно, сега претпоставувам, намерно не била доставена и полиса за осигурување и е свртено вниманието на Комисијата дека фали еден многу битен документ по пропратното писмо тој документ е полисата за осигурување која соодветната г-ѓа ја доставила после неколку дена и Комисијата дала предлог до гувернерот да донесе решение. Гувернерот го потпишал решението со кое и овозможил да се пререгистрира како и други 13 штедно - кредитни претпријатија кои во тоа време се регистрираа во штедилници по Законот за банки и штедилници.

Во штедилницата ТАТ од нејзиното формирање од крајот на февруари извршени се 9 инспекциски и супервизорски контроли во кои учествувале вкупно 14 различни инспектори или супервизори.

вклучувајќи ги и сега новите лица кои се таму. Меѓутоа, поголема грешка е направена при првата и поважна супервизиска контрола во средината на 1996 година. Групата била формирана од двајца помлади супервизори и еден искусен супервизор, кои исто така сега е во притвор. Контролата се ословинла само на контрола на активата на штедилницата и и било презентирано и тие биле во тоа уверени дека целата актива е исклучително здрава и бонитетна, бидејќи сите кредити што ги имала штедилницата биле обезбедени со хипотеки,а оние на физички лица кои не биле обезбедени со хипотеки биле обезбедени со еден врзан систем - еден депозитар во банката, кој има штеден влог да гарантира за некој кој сака да земе кредит- во Банката. Според тоа, депозитарот депонирал изјава, гарантирал дека тој и тој човек ќе го врати кредитот. Ако не се врати кредитот од кредито корисникот тој е согласен да се наплати од неговиот депозит. Веројатно имало такви околу 30%, кредити кои се врзани со депозити, меѓутоа на супервизијата и е прикажано дека тој процент е многу поголем, некаде околу 80% и сега треба контролата да докаже и ќе докаже дека и во тој случај имало фалсификувани потписи на депозитари, кои не дале таква изјава а сепак е презентирана пред Народна банка таква изјава дека е согласен да му се надоместат.

Комисијата многу се двоумела и на крајот дала оценка тројка, двајца биле за четворка, еден за тројка, меѓутоа по сугестија и интервенција на заменикот на Гувернерот, кој е надлежен за супервизијата во Централната банка е доделена оценка двојка, што е прилично висока оценка, која гарантира бонитет и стабилност на една финансиска институција.

II/9.-

Во врска со тој Извештај сакам да кажам дека Записникот на Народна банка и оценката на Народна банка претставува деловна тајна на Народна банка и дека штедилницата и Банката на која се однесува може да ја користи за некоја потреба исклучиво со пис- мена согласност од Народна банка на Република Македонија. Ако тој Записник и таа оценка Штедилницата ТАТ ја користела во рекламни цени, мене тоа не ми е познато, но ако ја користела тогаш и во тој случај направила кривично дело.

Можеби трет пропуст, кога можело да се реагира порано во оваа Штедилница е направен во октомври минатата година кога директорот на Супервизија анализирајќи некој податоци за Штедилницата, бидејќи ние после таа оценка од два, практично не ја испуштивме од око Штедилницата и скоро секој месец имало разни контроли. Не пропуштивме ниедна анонимна пријава за било каков депозит, не пропуштивме никаква Информација да не ја провериме. Меѓутоа, секогаш кога проверувавме наидувавме на чист терен така да кажам, не можевме ништо да откриеме, праќавме нови луѓе и не можевме ништо да откриеме, а секогаш тоа се познати и познати работи и секогаш се прават намешталци и оговаранци итн. Меѓутоа еден документ стои во Досието на оваа Штедилница според кој директорот Газменд Кадриу наслутил дека врската меѓу некој податоци двапати се променила и не е коегзистентна и наслутил дека Штедилницата работи несолвентно и дека таа несолвентност се покрива со нови депозити.

**БОРКО СТАНОЕВСКИ:** (Продолжение)

Тоа се случило во октомври минатата година и напишал едно писмо до заменикот на гувернерот, до надлежниот работник во Народната банка, одговорен за супервизија, со големи букви најважното го потцртал дека дошол до такви сознанија и дека е потребно да се упадне во штедилницата, да се изврши контрола на пасивата, напомнувајќи дека е подобро да направиме кривично дело откривајќи црни депозити, отколку утре да откриеме исчезнати депозити. Ве молам, на крајот напишал, доколку сте согласни, да го информираме и гувернерот и лично да ја водам таа контрола. Тоа било барањето. Меѓутоа, тоа писмо до мене никогаш не дошло. Го прашав директорот зошто не го испратил толку важно писмо и до мене, рече , чисто од принципиелни причини. Во тоа време почна да се зборува многу за неговата инволвираност, тој ми е претпоставен, гледав дека сте многу блиски, се плашев да не го навредам, да не направам некоја друга работа, да не го прескокнам и тоа така пропадна.

Понатаму, како е откриена аферата во "ТАТ" Вие имате дополнителна информација (реакција во салата дека ја немаат Информацијата). Имате, во оваа Информација уште на претходната седница дека е откриен еден фалсификат, дека е откриен поголем број - "Дополнување на Информација за настанувањето на проблемите од работењето на штедилницата "АЛФА С", А.Д.-Скопје и "Лавци". Тоа е за "ТАТ". Тоа Ви е доставено уште на претходната седница. Добро, ако ја немата, тука се опишува само како е откриен проблемот.

Јас повеќе зборував, повеќе детали изнесував и документи покажував на комисијата, каде некако беше поадекватно да се зборува во помал состав и на тркалезна маса.

III/2.-

Во однос на финансиските резултати кои досега ги имаме откриено, од понеделник до сега нема битни промени. Има промена само во однос на тоа колку уште партии се проверени и преведени во штедни книшки. Наместо околу 4 илјади партии, кои беа искажувани во официјалното книговодство на штедилницата, излезе на виделина дека имало околу 25 илјади договори за штедни влогови, тоа се 24.912 депозитни партии на вкупна вредност од околу 3 милијарди денари или, бидејќи целата јавност сега зборува во германски марки, веројатно подобро ќе ме разберете и мене ќе ми дозволите да ги искажам тие соодноси на бројките во германски марки, или тоа е износ од 112,8 милиони германски марки. На овој главен долг е пресметана 35,7 милиони германски марки камата која не е исплатена, односно исплатена е камата само во износ од 17,2 милиони марки. Бидејќи 3.256 партии се евидентирани 1993 година и оттогаш не се јавуваат по нив во компјутерската обработка никакви промени, претпоставуваме дека тоа се исплатени мртви партии, само не се искнижени од компјутерот. Тие се на износ од околу 12,6 милиони германски марки и на нив е пресметана камата 22,7 милиони марки. Ако тие се коригираат, износот на вкупните депозити на граѓаните во оваа штедилница, според сегашните сознанија на супер визијата изнесуваат околу 100,1 милион германски марки. Морам да Ви кажам дека се најдени разни белешки, разни документи кои не преставуваат никаков официјален документ, но се сознание дека се дадени и други депозити. Тоа се таканаречени црни депозити, откриени се во износ од околу 5 милиони германски марки и се претпоставува дека тој износ ќе се зголеми за уште 5 милиони, така што вкупниот износ на депозитите ќе изнесува, според сегашните претпоставки, околу 110 милиони германски марки.

III/3.-

Многу битно е сега - Ве молам за ова добро да ме разберете - многу битно е супервизијата да утврди дали тие средства, дали тие 110 милиони германски марки претставуваат во цел износ главница или тоа е да речеме во две третини главници, една третина рекапитализирана камата, или можеби, што е многу веројатно, дека е тоа 50% влог, ефективен влог околу 55 - 60 милиони ефективен влог на штедни влогови во штедилницата, а целиот друг износ е доспеана камата која не е исплатена, туку е правен нов договор за рекапитализација на каматата. Ова е многу битно да се направи, тоа да се утврди, за да видиме кој со колкав влог влегол, за штедачите, во штедилницата и да се направи понатаму правична политика на обесштетување на штедачите. Сега веројатно има многу граѓани кои ги трлаат рацете, заради тоа што во овие две три години може би земале и поголеми, и два три пати поголеми износи од почетниот влог, а има граѓани кои имаат влог, имаат и пресметана камата, меѓутоа, тоа е само во договор и не земале ништо. Значи, ќе мора , колку и да е тоа макотрпна работа , ние веќе работиме на процедури кои треба тоа да го откријат, но треба да направиме список по име и презиме на секој штедач, колкав му е почетниот и основниот влог, колку ефективно внел пари во штедилницата, а се друго да видиме што претставува, камата која е рекапитализирана, на која се добивани во вид на нови кредити. Да речеме , имаме еден човек кој има некаде околу 30 договори за штедни влогови. Ние претпоставуваме дека првиот му е ефективен влог, потоа сите договори преставуваат доспејана камата која не му е исплатувана, туку со поголема - веројатно ветена повисока каматна стапка, се рекапитализирани и се претворани во нов. Тоа не е да речеме нов влог, туку е рекапитулизирана камата.

III/4.-

За да се провери ова и да се дојде до крајни резултати ќе ни треба прилично време. Јас сега не можам да оценам дали се тоа 2-3 недели , дали со тоа месец дена или нешто повеќе. Но го молам и Парламентот, ги молам и штедачите, пред се во нивен интерес ако сакаат да ја дознаеме вистината во најдобри детали, кои ќе им користат на нив и врз основа на тие податоци подоцна да се изгради политика сите подеднакво да бидат обесштетени, да се има трпение, да се работи на тие податоци и да се дојде до конкретни и многу реални бројки. Моментално таму работат десет луѓе на Народна банка. Практично, физички не е можност да вклучиме повеќе нема простор, треба да работат на улица. Полни се сите простории на "ТАТ" и "ТАМ", тоа се најдобрите луѓе кои можат да работат и на компјутери и можат да прават разни програми, работат по 12 до 14 часа дневно. Тоа го работат пред очите на целата битолска јавност, но многу макотрпно се доаѓа до овие податоци.

На страната на активата изнесов податоци дека има 2.188 кредитни партии, побарувањето по основ на главница е 16 милиони германски марки, по основ на камата е 43 милиони, тоа се 59 милиони и црни , така да речам, кредити , белешки дека на некого е даден кредит без рок на отплата, без камата, по кој не е сметана ни камата се некаде околу половина милион. Се очекува дека ќе бидат најдени уште такви белешки и документи за дадени кредити за кои нема договор, за кои не се утврдени ни кредитните услови. Цениме дека имовината ќе биде некаде преку 6 0 милиони германски марки.

Ова исто така не е дефинитивно. Тука има имовина приватна на госпоѓата сопственик, на нејзиниот сопруг, на нејзините деца, која е во хипотека на Народната банка, ставена е рака на таа имовина. Постои друга имовина во вид на хипотека и која не е евидентирана, постојат веројатно и инвестиции некаде во државата кои не се евидентирани,

давани се кредити во готово, камата е наплатувана во готово, ќе треба многу макотрпна работа на сите органи вклучени во овој случај, и истражните и судовите и полицијата за да се дојде до правата вистина на страната на активата. Да видиме со каква имовина располага оваа штедилница, а тогаш кога ќе го знаеме да речеме вистинскиот влог, вистинската главница и имовината, ќе можеме да дискутираме дали има загуба или нема, односно дали има дефицит на внесени пари, а исчезнале и тогаш веројатно ќе мора да се бара и одговор на прашањето, ако исчезнале, ако фалат 10,15, или 30 милиони каде исчезнале тие пари. Веројатно некаде се пласирани , бидејќи колку и да била неодговорна таа жена, не верувам дека ги фрлила парите во некој контејнер за отпадоци. Сигурно некаде се вложени и кога и да е таа ќе каже каде се.

Околу бројот на штедачите, ние сеуште зборуваме за број на партии, на кредитни партии. Тие се прилично голем број, 24.912. Досега од тие 24,25 илјади договори заменети се за штедни книшки, во кои пишува колку е главницата, колку е каматата, се заменети 18.253 договори за 11.816 книшки. Значи, се намалува бројот од 18.250 на 11.816. Ако некој соодветен процент се примени и на другите, ќе се дојде до некоја бројка дека вкупниот број на штедни книшки ќе изнесува околу 16 илјади штедни книшки.

Правевме тестови на овој износ барајќи по име и презиме колку штедни книшки има. Утврдивме на пример дека 3 илјади лица имале преку 8 илјади договори за штедење. Кај другите не може да се утврди таа математика поради разни причини, не е јасно името, или се јавуваат разни имиња. Да речеме Станоевски Боро се јавуваат како две имиња и не може да се вкрстат податоците во компјутерот. Се обидовме да

најдеме податоци и по адресите на штедачите. Сите тие математики кажуваат дека сега во првата фаза на чистење на документацијата бројката 25 илјади партии ќе се сведе некаде на околу 14 до 15 илјади штедни книшки. Меѓутоа, јас лично познавам два случаи, двајца граѓани кои ги видов и тие имаат по 3, 4 штедни книшки на едно име. веројатно бројот на штедачите кои се инволвирани во таа штедилница ќе се сведе на бројка меѓу 8 и 10 илјади граѓани. Значи, не е тоа 25 илјади граѓани колку што има кредитни односно депозитни партии, туку ќе се сведе на бројка од околу 8 до 10 илјади граѓани. Таа бројка ќе биде многу битна за Владата особено во подготвувањето на некој законски проект за обесштетување на штедачите.

Пред Комисијата зборував и за мојата лична одговорност. Не знам дали има потреба тоа тука да се повторува, но не е на одмет. Веројатно вината на Народна банка како институција овде е неизбежна. Меѓутоа, ќе направиме многу голема грешка ако постапките на поединци и одговорностите на поединци ги идентификуваме со Централната банка и ја оцениме таа куќа и пред нашата јавност и пред светската јавност. Во тоа е прилично многу направено во> тоа оцрнување на Централната куќа и последиците се веќе огромни тоа морам да Ви кажам.

Двајца лично одговорни, инволвирани во овој случај, од централната банка се во притвор, тоа го знаете од јавните гласила. Јас некоја лична кривична одговорност не можам да прифатам, меѓутоа, моралната одговорност како раководител на оваа куќа сигурно дека не можам да избегнам и тоа прашање ќе дојде на дневен ред и ќе се разговара. Меѓутоа, денес мислам дека би било повеќе чин на кукавичлук ако Ви поднесам денес оставка овде отколку чин на морална одговорност. Денес можеби е правилно, не знам, тоа треба самите да се договорите да се гласа за моја доверба до завршувањето на оваа

работа, а потоа натаму јас сам ќе си преземам постапки какви ценам дека треба да се преземат. Веројатно сум виновен затоа што не сум посветил доволно внимание на тој сектор. Веројатно сум виновен заради тоа што сум верувал на некои луѓе на кои без сомневање не требало толку да и верувам, требало повеќе да верувам на документи, на папири и т.н. Во секој случај чувството на морална одговорност, колку и да ме браните или да ми го наметнувате, јас сам го чувствувам и веројатно цената на таа морална одговорност треба да ја платам.

Меѓутоа, Централната банка, која е една структура од повеќе дирекции и сектори на работа беше многу корисна и одигра многу корисна улога во досегашниот развој на Македонија од ослободувањето до денес. Таа беше еден многу значаен столб, параметар на макроекономската политика и мислам дека ќе биде исто толку значајна и потребна на Македонија и во идните години, во годините кои доаѓаат, оти далеку сме од тоа да речеме дека сите проблеми и во макроекономската и во монетарната и во финансиската сфера, во сферата на платниот биланс се решени.

Затоа, Ве молам да има разграничување меѓу поединечната одговорност и авторитетот на куќата што се вика Народна банка, Централна банка на Република Македонија. По поединци дискутирајте, барајте одговорност, но штитете го интегритетот на таа куќа бидејќи е многу важен за иднината. Беше важен и досега во досегашниот развој на државата, но мислам дека ќе биде многу важен и за во иднина.

Уште еднаш молам да имате и Вие трпение и трпение пред се штедачите, кои се најмногу погодени, да ни се даде време оваа работа да ја изведеме максимално професионално и стручно, да дојдеме до податоци кои ќе и овозможат на Владата да донесе правичен закон.

III/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам и јас на излагањето.

Молам, кој се јавува за збор?

Деловничка интервенција на г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и госпдоа, го користам деловничкото право, во име на Пратеничката група на Либералната партија да побарам пауза. Не знам колку време би било тоа. Инсистираме нај- првин да го добиеме од стенограм симнатиот текст на обраќањето на гувернерот на Народната банка и откако ќе го добиеме, еден час за да може да го проучиме и добро да се подготвиме.

Исто така препорачувам доколку министерот за финансии има намера на почеток да му се обрати на Парламентот, пред таа пауза да го сослушаме и неговото излагање, за да имаме една комплетна слика за настаните.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван г-дин претседателе, почитувани господа пратеници, сакам да потсетам дека Владата на Република Македонија, како што е познато, достави писмена Информација за состојбите и формите на штедење во одделни стопански субјекти кои практично немале дозвола за штедење и според позитивните законски прописи не биле регистрирани ниту ако штедилници ниту како банки. само малку да Ве

вратам назад. Вие знаете дека испративме една Информација која навистина не беше во основа. комплетна. Во меѓувреме работејќи ја дополнивме и таа ја доставивме до сите членови на Собранието.

А вчера бидејќи заседаваше Матичната комисија за буџет и финансии, таму имав воведно излагање и ги кажав сите битни работи врзани со ова. Во меѓувреме Ви е доставена Информацијата.

Ако господата пратеници, Парламентот сметаат дека треба да кажам нешто посебно за двата случаи што се врзани за тоа " Југомаркет" и "Македонијареклам", јас ќе кажам. Меѓутоа, сето тоа е ставено на хартија, јас сега треба само да го репродуцирам овде она што е веќе напишано и не гледам логика во тоа. А се разбира,како министер за финансии тогаш кога ќе оценам ќе се вклучам во дискусијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, стенографските белешки да се достават до пратениците.

Мислам дека пауза од три часа е доволна.

(Реакција од пратениците во салата дека е многу три часа) Во 15,00 часот продолжуваме со работа.

(Паузата започна во 13,00 часот).

IV/1.- СС-ВБ

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,40 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

За збор се јави пратеникот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе на Собранието на РМ, почитувани министри, почитуван гувенеру на Народна банка на Македонија, почитуван директоре на Заводот за платен промет на Македонија, почитуван јавен обвинител на Македонија пред кој стои голем проблем,

Меѓу неколкуте приватни штедилници аз чие недомаќинско работење и докажан или недокажан криминал се наоѓа и штедилницата ТАТ од Битола.

Веста дека ТАТ запливала во аферашките води на штедењето во Битола стигна како гром од ведро небо. Никој од штедачите и нештедачите ниту тогаш кога директорот на ТАТ беше суспендиран од работа и лишен од слобода, ни денес по повеќе дена од откривањето на оваа афера не можат да сфатат и да поверуваат дека навистина и битолски ТАТ еафераш или ограбувач на штедните влогови на граѓаните и селаните од цела Пелагонија. Се знае зошто. Затоа што до вчера за ТАТ се тврдеше дека е штедилница со високо реноме во областа на македонското банкарство и штедење, штедилница со висока верба на штедење, штедилница за сите категории на штедачи од селани до академици и на крајот се знаеше и тоа дека ТАТ е најголема приватна штедилница во државата по бројот на штедачи и штедните влогови што се наоѓаат во нејзината каса.

ТАТ, ваков глас ја биеше цели пет години и затоа никој не веруваше дека е измамник и ограбувач на парите на штедачите.

IV/2.-

ТАТ е тоа од завчера, откако гувернерот на Народата банка на Македонија г-динот Борко Станоевски јавно ги кажа на Комисијата за финансирање и буџет сите нечесни работи што досега се случувале во ТАТ. Од вчера и во Битола и селата и во прилепскиот дел на Пелагонија за ТАТ има поинакво мислење, од барање ан штедачите за нејзино ослободување од притвор, до најстрога осуда.

Што беше ТАТ во изминатите години за Битола и селата? Со појавата на сцената на ТАТ, на срушеното штедење во Македонија што го изврши последната југословенска влада кога на штедачите им се заробија над милијарда девизни штедни влогови и со бришењето на нулите на динарските заштеди кога со штеден влог што беше остварен од продажба на 100 јагниња можеа да се купат само 10 јагниња, до неодамна ТАТ во Битола беше фабрика за амортизирање на социјалната тензија во градот и во селата. Фабрика на социјалата. Во неа, заради некаква камата, од сиромашните заштеди штедеа пензионери,студенти, стечајни работници, работници што беа прогласени како технолошки вишоци во своите претпријатија, селани и кои не други социјалци.

Некој ќе рече социјалци, а штедачи? Од каде пари за штедење во ТАТ?

Почитувани пратеници, штедните влогови на оваа категорија на штедачи се мали. Сигурно тоа гувернерот повеќе го знае од мене. Се движат некаде од 2 до 5 илјади германски марки. Овие пари се од исплатените за пензија, од помошта од децата што се на работа во туѓина и стегање на денарот за подобра сетнина. Од 12-те плати кај работниците кои беа прогласени за технолошки вишоци и заминаа од своите работни средини. Од тешко издвоените средства од сиромашните семејни буџети за школување на децата, од продажба на земјоделските имоти за издржување на старите селани или собрани денар по денар од

тутунот, репата и житото за стари денови на селаните. Од овие избори се парите за штедење во ТАТ на оваа категорија штедачи. За другата не знаеме, ќе каже некој друг.

Меѓутоа, по сето она што го кажа гувернерот на Народната банка на Македонија ТАТ била и фабрика за богатење на поединци. За жал едно погонче од таа фабрика работело и за врвот на Народната банка на Македонија. За некои луѓе од тимот на Народната банка на Македонија за контрола на работењето на оваа и другите македонски штедилници. Кој знае низ какви притисоци минал директорот на ТАТ за да ја прифати таквата игра со овој тим од Народната банка. Се разбира се на штета на штедачите и на ТАТ.

Гувернерот денес треба да каже колку милиони германски марки од ТАТ се на книшките на неговите соработници.

Почитувани пратеници Битола и битолските села во изминативе десетина години двапати беа на удар на грабежите на штедните влогови на граѓаните и на селаните. Првиот грабеж или сега модерно наречено заробени девизни штедни влогови извршен пред распаѓањето на Југославија и за тој грабеж не сакам да зборувам. Тогаш, како што знаете, десетици банки од Македонија, Србија и Словенија на чело со Стопанска банка на Македонија заробија на граѓаните и селаните многу девизни средства што кај нив беа депонирани како штедни влогови. Имам сознание дека повеќе од една половина од вкупните заробени штедни девизни влогови од државата, како што е познато тогаш изнесуваа над една милијарда долари, беа на штедачите од Битола и битолските села. Кога таа пара ќе се врати во Битола и селата, никој не знае.

Вториот грабеж таканаречен од гувернерот на банката, случајот ТАТ стигна на почетокот на оваа година. Штедачите од Битола и битолските села пак останаа без пари. Сигурно е дека грото од оваа

бројка од 112 милиони германски марки вложени во ТАТ од страна на штедачите потекнуваат од Битола и нејзините села.

Господо, ваква катастрофа не може да поднесе никој. Ниту најразвиеното подрачје и најбогато подрачје на Калифорнија,а не Битола. Битола, половина век оставено на опашката од развојот на оваа држава. Ако не беше нашиот РЕК со јагленот и струјата, нашиот Комбинат со храната сигурно одамна во оваа држава не ќе се знаеше ниту за Битола ниту каде се наоѓа за Битола.

Почитувани пратеници, Битола и битолските села во случајов ТАТ е регион без душа. Со скршена иднина. Плус исто како низ него да поминала чума. Со празни улици, со нови питачи за леб. За жал, овој пат Македонци. Битола, господа,е болна. Се лекува со лекови за смирување од тешкотиите за штедењето. Во Битола паролата "кој штеди тој има", позната во светот и кај нас е заменета со нова содржина "кој штеди тој нема". Се знае зошто.

Вината за оваа состојба, господа, не треба да се бара само во ТАТ и граѓаните што штедеа во ТАТ. Вината што на ТАТ се ставени катанци а нејзините штедачи донесени во болки и трауми и разнишани перспективи лежи во Народната банка на Македонија. Во нејзините намерни или ненамерни пропусти во сите контроли на работењето на ТАТ. Ние не можеме господо вината за она што денеска се случува со ТАТ да ја бараме во моето село Новаци каде што во ТАТ достамина штедеа или во Средноигри каде што тие мачни земјоделци цела пара од репата ја ставаа во ТАТ за подобра иднина.

Зошто реков дека вината треба да се бара во Народната банка на Македонија. Затоа што господо Народната банка на Македонија од формирањето на ТАТ до сега на оваа штедилница и даваше највисоки работни оценки. До аферата ТАТ не знаеше за забелешки од работата.

Јас сум две години во ова Собрание и никогаш, ниту во некоја тајна или јавна информација од Народната банка на Македонија не сретнав ниту збор потаму за било какви аномалии во работењето на ТАТ. Сите контроли до тимот на контроли на Народната банка на Македонија се тврди дека немаше ниту сигнал за она што денеска се случува во оваа штедилница. Завчера гувернерот рече дека во ТАТ се било фалсификат. Ах, какво римување на оваа реченица - во ТАТ се било фалсификат. Умот на човека да му зајде.

Па, господо, каква контрола вршеше НБМ во ТАТ кога од сите фалсификати не откриле ниту еден фалсификат. Каде се вршени тие контроли? во ТАТ, на улица, или горе на Пелистер? Господа, ваквата игра на тимот за таканаречена контрола на НБМ сигурно била голем повод ТАТ да биде штедилница со висок рејтинг, високо реноме за штедачите. Значи, НБМ беше стројникот на штедачите во ТАТ. НБМ ги тераше сега веќе изиграните штедачи да штедат во ТАТ. Ако во ТАТ штеделе врвните луѓе на НБМ, разни стари и нови луѓе од политиката, академици зошто да не штедат и пензионери, студенти или селани што некои пред извесно време ги нарече селани, знаете во која смисла.

Покрај ова, за состојбите во кои се најде ТАТ и другите штедилници НБМ сноси посебна одговорност затоа што кон штедилниците изгледа не гледаше со добри очи. Гувернерот очекувам овде денеска да каже она што го кажа на Комисијата за финансираше и буџет дека тој единствен излез од тоа во иднина да не се случуваат вакви афери со штедилниците, овие штедилници треба да се затворат, повеќе да не постојат.

Господо, каде одиме ние со една ваква политика на еден гувернер? Значи, повторно да се вратиме само во банките? Во банките видовме колку веруваат луѓето да штедат. Се знае откако ги заробија нивните пари.

НБМ во изминатиот период мора да признаеме нема одобрено ниту еден денар кредит за санација или за работа на овие штедилници кога тие ќе се најдеа во таканаречено црвено салдо. Зборувам за кредити за штедилници зад кои стоеше голем капитал.

Почитувани пратеници, со оглед на тоа што штедачите на ТАТ се жртва на несоодветното функционирање на НБМ, судбината на нивните влогови мора да ја земе во свои раце и под своја грижа државата. Изиграните штедачи, се разбира, ако се изиграни, мора да бидат обесштетени. Како - така тешко заштедените влогови мора да им се вратат.

Штедачите, господо, не смеат да висат ни на небо ни на земја. Парите мора што побрзо да им се вратат. Владата на РМ, се надевам дека ќе им подаде рака за помош на штедачите на ТАТ, сигурно и на другите ограбени штедилници. Во случајов на ТАТ, во нашиве јавни гласила се кажуваат многу приказни. Господо, ТАТ односно Битола не бара социјална милост за покривање на несреќата што ги снајде штедачите. За ТАТ и денеска рече гувернерот стои добар капитал.

Реков дека баравме Република Македонија мора да подаде рака на штедачите од Битола и другите кои страдаат од ваквото работење на штедилниците. Така и било пишано на оваа Влада. Во 6 години откако е прогласена самостојноста на слободниот дел на Македонија, да бара и наоѓа решение за маките на граѓаните со заробени девизни заштеди и сега маките на штедачите на ТАТ и другите штедилници.

Гсоподо, секое бегање од барање излез на оваа несреќа на Битола и нејзините села нема да биде добро ниту за Битола ниту за државата. Во Битола се размислува и за нешто што е од лошо полошо, меѓутоа овој пат нема тоа да го кажам, ќе го кажам во нова расправа за овие проблеми.

IV/7.-

Се надевам дека Владата на РМ и во оваа сиромаштија на државата ќе најде сили и можности да им помогне на сите штедачи на ТАТ и се разбира на другите штедилници. Проблемот на ТАТ треба да се гледа поинаку. Реков дека ТАТ има капитал. Враќањето на штедните влогови не се бара од луѓето на државата, туку од продажба на капиталот на ТАТ. Се бара државата да го преземе овој капитал и исплати влоговите на штедачите.

Гувернерот, впрочем, јасно кажа колку до сега, пак ќе се повторам, изнесува тој капитал. Инаку, предлагам Владата на РМ веднаш по извршената ревизија на ТАТ од денес наречено реконструкција на работата на ТАТ да подготви закон за враќање на штедните влогови на сите штедачи од сите пропаднати штедилници. Во спротивно, јас ќе поднесам предлог за донесување на ваков закон. Се разбира во соработка со двата одбори ан штедачи кои денеска постојат во Битола. Сигурно, од утре ќе функционира уште еден трет одбор, одбор на штедачи што ќе ги брани интересите на селаните кои во оваа игра се надвор од двата одбори.

Почитувани пратеници, напоредно со барањата за решенија за случајот ТАТ за враќање на животот и работата на илјадниците таканаречени мали и сиромашни штедачи мора да се преземат соодветни активности од страна на Владата на РМ. На овој план предлагам:

Забрзување на акцијата за контрола и реконструкција над работата на ТАТ. Таа не може да трае со месеци. Таа мора да се изврши по итна постапка, за неколку дена. Гувернерот ќе си најде луѓе кои ќе работат во Битола.

Понатаму, брзо преземање на мерки за исплата на еден дел на штедните влогови на сите штедачи, посебно на пензионерите, студентите, стечајните работници и работниците кои се наоѓаат во заводите за вработување како технолошки вишок.

IV/8.-

Кај пензионерите штедачи да се одложи наплатата на давачките на струја, телевизија, разни комунални такси до целосна исплата на штедните влогови. Од нив, господо, нема никој повеќе што да бара ниту може нешто да им земе. Може само да ги земе нив и да ги однесе во некој неврат.

На студентите штедачи да им се овозможи одложено плаќање на давачките во студентските домови за исхрана и сместување.

Работничкиот технолошки вишок, господо, сакале или не мора да се вратат на старите работни места од каде заминаа како технолошки вишок, за доброто на Македонија и тие претпријатија од каде што излегле.

За да не останат непосеани ораниците со пролетни култури и сега да се направат нови загуби за штедачите земјоделци мора да им се обезбеди гориво и ѓубриво од стоковите резерви на нашава држава.

Мора побрзо да се отпуштат паричните аванси за тутунот при доделувањето на земјоделскиве кредити мора предност да имаат штедачите на кои им се заробени штедните влогови во овие штедилници, се во духот на помош на оштетените земјоделци.

Господо пратеници,

Еден од одборите што ги брани интересите на оштетените граѓани во штедилницата ТАТ има подготвено предлог-закон за тоа како треба да се изврши обесштетувањето на овие граѓани. Јас не би ве заморувал сега да го читам овој предлог-закон затоа што се надевам дека Владата брзо ќе подготви оваков документ. Ако не подготви,тогаш овој предлог-закон и предлогот што ќе го подготвам јас во соработка со стручните служби на Собранието на РМ ќе биде доставен на една од наредните седници на Собранието.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, господа министри, дами и господа, не зависно од тоа што проблематиката за која се дискутира е вон полето на мојот професионален интерес. Дозволете ми како граѓанин на оваа држава и пратеник да го изнесам својот став. Сето ова што се случува со штедилницата ТАТ и другите штедилници е грабеж и криминал. Извинете, но јас други зборови за ова не можам да пронајдам. Неспорно е дека последните случуван>а околу штедилниците им имаат наштетено голема материјална, имаат нанесено голема материјална штета на повеќе илјади граѓани на оваа држава поради што нивниот револт и гнев е оправдан. Сигурно е дека сето ова влијае и врз политичката стабилност во државата. Иако не сум компетентно лице, но неспорно е дека и угледот на нашата држава пред меѓународните финансиски институции во помала, или поголема мера е доведен во прашање. Поради сето ова случаите со штедилниците и те како ги тангираат институциите на власта преку Парламентот, Владата и најнакрај, или пак на почеток Народната банка на Република Македонија. Парламентот, за-ради тоа што во него седат 120 претставници на народот, а со последниве случувања е загрозен материјалниот, во некои случаи егзистенционалниот интерес на повеќе илјади граѓани на оваа држава. Владата за- тоа што е извршен орган на државата не зависно од компетенциите во однос на овој случај Владата мора да е во тек со случувањата доколку веќе не можела да ги превенира да изнајде и да понуди решенија со кои ќе бидат задоволени и обесштетени ограбените штедачи. Повторувам независно од компетенциите и одговорноста факт е дека во тек на владеењето на оваа Влада се случиле овие девијантни појави и таа иста Влада мора да најде решение на проблемот и негова имплементација.

И најнакрај, или на почеток, како сакате, Народната банка како институција задолжена од државата која го контролира овој сегмент на

V/2.-

работење. Мора да даде отчет за своето работење и да објасни како тоа повеќе нејзини запослени од кои некои и на врвни позиции ги пречекориле своите овластувања и се пуштиле во водите на криминалот и пљачкање.

Би сакал да кажам неколку збора околу одговорноста на функционерите. Извинете, но сигурно никој од нас овде во салата не се осеќа пријатно додека однадвор од разгневениот народ допираат повици "лопови". Затоа инсистирам на брзо и ефикасно откривање на кривците за овие појави независно од тоа кое место во естаблишментот го заземаат, почнувајќи од првиот човек во државата, па се до најниските чиновници. И адекватно санкционирање, дури би рекол ригорозно санкционирање. Не може некој да седи удобно завален во фотеља и работи со опљачкани пари од луѓето кои едвај успеваат да го поврзат крајот со крајот и кои своите последни пари ги вложиле со цел да го олеснат својот живот. Не може некој да работи и штеди 20 до 30 години, а некој преку ноќ со неговите пари да се збогати. Сигурно дека од одговорноста не се изземени луѓето кои не се директно во власта, па дури се и дел од опозицијата. Биле во ситуација да влијаат, а не влијаеле врз спречувањето на девијантните појави. Не се изземени ниту членови на опозициони партии, кои користејќи го статусот, или положбата или роднинските врски за кратко време станале богаташи преку високи камати на грбот на обичниот народ.

Затоа инсистирам прво, да се направи брза целовита и ефикасна истрага од страна на надлежните институции. Под два, за резултатите на истрагата веднаш по завршувањето да биде известен Парламентот и граѓаните на Република Македонија. Три, да се утврдат сите незаконски дејствија како и актерите со име и со презиме независно од институцијата од каде доаѓаат и местото што го заземаат. Под четири,

сите незаконски дејствија, законски и ригорозно да се санкционираат. После утврдување на фактичката состојба Владата излезе пред овој Парламент со закон по итна постапка во кој ќе стојат начинот, модалитетите и критериумите по кои ќе се изврши обесштетување на штедачите. Секако ова е работа на Владата. Но, јас би сакал нешто да кажам околу критериумите. Не може подеднакво да се гледа на штедач кој штеди со 3% камата и на оној кој имал 13 или 15%. Сигурно дека на овој вториот таа камата не му била дадена заради убавина, или добро однесување. Не може подеднакво да се гледа на некој кој вложил 50 илјади западно германски марки и неколку пати ги свртел, а сите знаеме за такви примери. И оној кој вложил илјада или две илјади западно германски марки, практично целата своја заштеда.

И на крај да завршам, во интерес на вистината, во интерес на враќањето на довербата во институциите на власта која е изгубена, во интерес на граѓаните во Република Македонија јавноста мора да ја дознае целата вистина за овој проблем се со цел граѓаните да почнат да веруваат на државата и да сфатат дека решение на нивните неволји не е лицата, туку институциите на власта.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, драги гости. Добивте од Комисијата за финансирање и буџет еден поопширен извештај со заклучоци и во тој извештај јас сум ставен како известител на Комисијата и сакам на почетокот на мојата дискусија да кажам дека оваа дискусија моја не е во улога на известител на Комисијата, туку е мое лично гледање на проблемите во оваа сфера.

V/4.-

По излагањето на гувернерот гледав една реприза на претстава чија премиера беше со различно сценарио. Кога толку брзо се промени сценариото и како е можно за толку кратко време човек да се промени за 3 60°. Кои се тие луѓе кои располагаат со толкава моќ некого да убедат, односно разубедат. Па зарем вие господине гувернер заборавивте дека пред само два дена пред Комисијата за финансирање и буџет кажавте толку многу работи за овој финансиски скандал што на човек да му се дигне косата на главата. Сега одржавте еден доследен говор за кој новинарите можат да жалат за изгубеното време. Можеби тие ќе ви простат, но ограбените луѓе и сите чесни, никогаш. Во нив секогаш ќе остане сомнежот кон вашата личност. Сталин во една прилика рекол: можеме да владееме и 700-тини години ако во свои раце ги имаме синдикатите, полицијата, средствата за јавно информирање и банките. Разликата од денешна гледна точка е во тоа што тогаш немало толкав број измамени и ограбени граѓани. Вие господине гувернер се вклучивте во политиката на омаловажување на Парламентот. Велите дека на седницата на Комисијата сте кажале повеќе работи пред помал број луѓе и пред помал орган, но заборавате дека таму беа присутни очите на јавноста. Баравте да ви се даде доверба да го размотате клопчето. Но, изгледа дека се појави некој чвор поради кој клопчето веројатно ќе остане неодмотано. По мое длабоко убедување за вака важен проблем кој е од интерес за целата држава уводно излагање требаше да има премиерот. Неговото отсуство јас барем го сметам за избегнување на политичката одговорност на Владата за настанатите проблеми и оние кои во иднина може да се очекуваат во сферата на монетарниот систем на земјата. Поаѓајќи од појавата на голем број измамени штедачи и граѓани на Република Македонија кои според висината на ограбените средства и начинот на кој е извршено добива размери на криминален

чин. На овој проблем треба да му се посвети сериозно внимание од економски, политички, а секако и од морален аспект. Токму затоа добро е што и ова Собрание денеска расправа за овој проблем од чие решавање, или не решавање може да има идни позитивни, или негативни конотации пред се во динамиката на економскиот развој на земјата и индиректно во нејзината стабилност. Токму заради тоа несфатливо е зошто ова прашање не дојде за расправа многу порано. Можеби и затоа за да се добие во време за потезите кои ќе бидат вовлечени во насока на подобрување на состојбите во оваа област да се припише не на оние кои ќе укажат на грешките, туку на оние кои истите ги направиле. Набрзина и во последно време донесените мерки за законито работење притворањето и покренувањето на кривични пријави против само некои раководни лица на штедилниците претставува обид за бришење на трагите што одделни моќници за себе, или за поширок круг на луѓе ги оставиле во Извршувањето на незаконити дејанија заради создавање противправна, материјална корист. Истите тие супервизори кои со години упорно молчеле, правеле записници без забелешки, а сега го откриваат криминалот и со сесрдна помош на средствата за јавно информирање добиваат колумбовски епитет, не баре ја откриле Америка. Со сиот свој респект кон проблемите, потешкотиите и траумите со кои се соочуваат од ден на ден со повеќе ограбени луѓе во земјата, посебно би се осврнал на штедилницата "Алфа С" и ТАТ чие работење потпаѓа под ингеренција на Народната банка на Република Македонија и која се одвива согласно Законот за банки и штедилници. И во контекст на тоа прашањето каква е одговорноста на Народната банка, на гувернерот и се разбира на Владата на Република Македонија за состојбите во кои се најдоа штедачите и индиректно банкарскиот систем во државата.

V/6.-

Ќе се осврнам и од тој аспект за овие две штедлиници со оглед дека мислам дека недоволно во уводното излагање на гувернерот беа кажани некои работи околу овие штедилници, а кои што јас и членовите на Комисијата имаа прилика да ги слушнат и на седницата на Комисијата.

Заеднички ние и целата јавност треба да оцениме дали е кривицата само во Народната банка на Македонија, или и кај други- те надлежни институции, па во зависност од тоа дали Владата на Република Македонија ќе го обели, или уште повеќе ќе го оцрни образот. Со издавањето на дозвола за работа на банка, или на штедилница од страна на Народната банка настанува и правото на граѓанинот каде ќе ги депонира своите лични средства. Притоа, тој пред себе ја има, односно треба да ја има гаранцијата, односно контролата од страна на Народната банка која кај него треба да создаде чувство на сигурност. Во овие случаи кај штедачот останува правото на избор на банката, односно штедилницата, но не и целосниот ризик да ја загуби сопственоста бидејќи зад него стои Народната банка која го знае и го контролира бонитетот и ликвидноста на финансиската институција. Пример, дека ова не функционирало така е фактот што на 7 декември 1995 година Народната банка донела решение за престанок на сите активности на штедилницата "Алфа С" во кое е и кажано дека се исполнети условите од членовите 94 и 95 од Законот за банки и штедилници, што значи дека од тој ден штедилницата е во предсанациона постапка, а со член 27 од Законот за Народната банка е должна за тоа да го информира Собранието на Република Македонија, Заводот за платен промет и Собранието на штедилниците. Ако си го поставиме прашањето дали тоа е сторено? Се разбира одговорот е не. Досега непозната е практиката Народната банка директно или преку Владата да го информира Собранието и до колку тоа го чинела досега како што е и ако се сеќавате

во една прилика и во неколку прилики пратеничката група на Либералната партија тоа го бараше редовно да биде известувано Собранието за состојбите, ако тие предлози се сфатеа сериозно, јас сум сигурен дека вакви димензии немаше да добијат овие случувања.

Кон крајот на 19 95 година во ова Собрание Либералната партија, односно пратениците даваа предлози секои два месеци на Народната банка да му дава преглед на бонитетот на банките и штедилниците во Републиката. Меѓутоа тоа оттогаш наваму не е сторено и за- тоа ова Собрание воопшто никогаш и не расправало.

Решението од 7 декември 1995 година произлезе од записникот на контролата на супер визијата во октомври истата година со кој штедилницата е оценета со катастрофална оценка 5 која преведена на народен јазик за штедилницата значи дека е крајно ризична финансиска институција која на подолг временски период не е во можност да ги исплатува штедачите. За жал, тоа е прв записник и увид што го направила Народната банка откога постои штедилницата, а таа до тој момент постои веќе цели две години. Направена е само во 1994 година една контрола, меѓутоа таа е само како што стои во записникот од формален аспект. Во ова решение на Народната банка во точка 4 е кажано дека доколку штедилницата не се согласи со регулативата од Законот за банки и штедилници, по истекот на 90 дена ќе и биде одземена дозволата за работа. По истекот на овој рок иако не е уфрлен нов гарантен капитал, значи штедилницата не се усогласила со погоре цитираниот Закон, Народната банка морала на штедилницата да и ја одземе дозволата за работа бидејќи според Законот за банки и штедилници предсанационата постапка не може да трае подолго од 90 дена, меѓутоа Народната банка само испратила контрола која во целост затајува. На 15 мај 1996 година кога штедилницата е крајно несолвентна,

штедачите вознемирени, Народната банка дури тогаш објавува во јавните гласила предсанациона постапка, ги разрешува тројцата сопственици и директорот и поставува свое овластено лице. Меѓутоа, мерката е целосно задоцнета. Откако се констатирани неуредностите и незаконитостите во работењето на штедилницата "Алфа С" од страна на тројцата сопственици од 7 декември 1995 до 15 мај 1996 година целосно затајува контролната функција на Народната банка, на која е обврзана согласно Законот за Народна банка и Законот за банки и штедилници. Последиците се евидентни. Овозможено е натамошно незаконско работење и создавање на нови дубиози.

Се поставува логично прашањето, зошто Народната банка по истекот на 90 дена од донесувањето на решението не ја одзело дозволата на работа? Наводно имало финансиско подобрување во штедилницата, барем така беше информирана јавноста. Меѓутоа ако се анализира периодот од 7 декември 1995 до 15 мај 1996 година, ќе се види дека имала штедилницата месечен прилив од 350 илјади германски марки, а истата во најидеални услови можела да остварува највеќе 200 илјади германски марки месечно. Тоа јасно наведува на заклучокот дека Народна банка знаела дека се примаат нови штедни депозити и покрај тоа што во тој период во штедилницата била присутна контрола на Народната банка. И покрај тоа што и премиерот на Владата на Република Македонија пред извесно време изјави дека контролата на банките и штедилниците е во ингеренција на Народната банка, што се разбира не може во целост и да ја ослободи Владата од одговорноста. Ова и после 15 мај 1996 година е неодговорно и дозволува да се разорува сопственоста на капиталните објекти до денешен ден по истекот на толку месеци ја блокирала активноста во делот на прибирање пари од извршените пласмани. Со еден збор штедилницата останува сосема празна. Барање за начин на решавање на овој проблем во

почетокот на оваа година од страна на штедачите е упатено до гувернерот на Народната банка, претседателот и до потпретседателот на Владата на Република Македонија. Тоа е барање во почетокот на годината, но до денес од нивна страна нема никакво изјаснување.

Често пати во јавноста се слушаат коментари дека ваквата состојба требала да се предвиди од страна на штедачите со оглед на фактот дека оваа штедилница дава големи камати што се разбира не е точно. Во зависност од должината на орочувањето, каматата во оваа штедилница изнесуваше 2 до 3% месечно за разлика од ТАТ, а во тој период 199 5 година есконтната стапка на Народната банка е околу 26% годишно, а банкарските камати се движеа околу 32% годиш- но. Што значи банкарската камата на "Алфа С" била во рамките на законската регулатива,што впрочем е констатирано и во записникот на Народната банка.

Притоа не треба да се занемари фактот дека штедачите плаќале секој месец по 23% каматна стапка на име персонален данок, што е приход на Буџетот на Републиката. Значи, во овој сегмент државата не затаила.

Штедилницата ТАТ е исто така пример на незаконито работење во штедно - кредитната област се разбира со сесрдна поддршка на Народната банка на Македонија. А од она што го слушнав и досега што имам сознанија, претпоставувам и од одредени личности од македонскиот естаблишмент, па веројатно и од претставници на Владата и од самата Влада уште од самиот почеток на работењето на оваа штедилница. Сопственикот на оваа штедилница е вистина дека била обвинета за фалсификат во поранешната ЈИК Банка, што е доволна причина за сомнеж дека работите во оваа штедилница ќе одат онака како што не треба да одат. Уште во почетокот на постоењето оваа

V/10.-

штедилница спротивно на законот прибира девизни средства за кои склучува договори, но во книговодствената евиденција ги води како денарски. Се разбира за трансферот користи големи парични средства од Народната банка на име провизија. Навистина несватливо. Оној кој по законот е задолжен да се грижи за неговото спроведување учествува во неговото кршење. Начинот на кој е обезбеден основачкиот капитал е посебна приказна. На 2 декември 199 3 година АД за осигурување "Македонија" филијала Битола од својата жиро сметка врши дознака аванс на ПП Техно Г00 Битола сума од 3 милиони денари. Истиот ден ПП Техно врши дознака позајмица на истиот износ на жиро сметка на штедилницата ТАТ плус 15 илјади денари кои ги доозначува со друг налог. На 2 декември 1993 година, т.е. на истиот ден ТАТ врши повраќај на сумата од 3 милиони денари на ПП Техно Битола и овој истите пари ги враќа на АД за осигурување "Македонија" - Битола.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:** (Продолжение)

Така, со благослов на Народната банка започнува приказната која набргу ќе го понесе епитетот грабеж на столетието во кое има се помалку родбински и пријателски врски, политички моќници, помагачи, прикривачи на вистината и др. Со девизите што оваа штедилница законски ги прибирала исто така против законски со високи девизни камати оваа штедилница врши девизно кредитирање на претпријатија, што може да се види од побарувањата што се спрема свилара "Илинден", "Лозар" - Битола "Југотутун" Битола, "Металец" Битола, "Макел" Битола, Кланица "Кајмак- чалан" Битола, "Пивара" - Битола, како и над 50 приватни претпријатија вклучувајќи го и претпријатието на покојните од семејството Беговски. За да може штедилницата да врши пласман на вака високи средства морала да се вклопи во. одлуките на Советот на Народната банка за ограничување на порастот на денарски пласмани во текот на месецот. Ако се погледаат овие одлуки во изминатите години, на пример во мај 1994 година, ќе се види дека средствата за пласман на Штедилницата "ТАТ" се на колку три до четири големи банки или штедилници.

И по сето ова што е повеќе од сарказам, супервизорската испратена во оваа штедилница направила записници без забелешки и забелешки на нејзиното работење. Дека навистина се работи за несериозна финансиска институција, која уште од почетокот има намера да ги измами и да ги ограби штедачите зборува и фактот што главен сметководител е лице хонорарно вработено со средно образование. Со еден збор квалификациона структура несоодветна според работата со сума од пари од која се поматува свеста. Од ваквиот инертен однос на Народната банка како што беше кај "Алфа-С" и "ТАТ" произлегуваат голем број финансиски хаварии кои останува несанкционирани и без прогон и судски епилог кон случајните луѓе затечени во банкарството кои својот бонитет го гарантираат со хипотеки со лажна вредност, за жал

потврдени од државен орган. Последиците се евидентни а тие се изгубен мир во многу семејства, недепонирање на средства од страна на штедачите или повлекување на веќе вложените средства, што во крајна линија се на штета на банкарскиот систем и со најголеми последици по државата и нејзиниот углед.

Штедилницата посебно "Алфа-С" е школски пример на пропустите во работењето на Народната банка на Република Македонија согласно Законот за банки и штедилници на Владата на Република Македонија односно ресорното министерство, за што доказ е и последната одлука на Советот на Народната банка на Република Македонија, со која пропустите набрзина се коригираат односно покриваат со нова регулатива во оваа област.

Би сакал да потсетам дека на развојот на демократските процеси во државата голем придонес може да даде еден малку заборавен институт што се вика оставка, за разлика од институтот присилно менување на оние кои треба да останат и кои за жал функционираат беспрекорно и кои овие демократски процеси ги кочи и ги враќа наназад.

Почитувани пратеници, би сакал да се осфрнам на Информацијата на Народната банка за проблемите во работењето на штедилницата "Алфа-С" и "Лавци". Малку делува зачудувачки што од нејзиниот текст произлегува еден вид жртвувачко, веројатно во интерес на други признаенине за дел од кривицата за ваквите состојби во овие штедилници, но нејзиното образложение делува наивно со укажувањето дека имала недоволен број на супервизори кои зачестено би го контролирале банките и штедилниците кои од тоа време ги има околу 35. Со вакви нерешени кадровски прашања Народната банка знаела дека со успех не може да ја извршува оваа сложена контролна задача, а сепак не презела никакви мерки за надминување на овие состојби и проблеми.

VI/3

Исто така, Народната банка направила голема грешка од деловно банкарски аспект со самото тоа што и дала на штедилницата "Алфа-С" дозвола, иако знаела дека се работи за несериозна финансиска институција, поради тоа што до рокот до кој поранешните штедно - кредитни претпријатија требаше да се трансформираат во штедилници меѓу оние кои не поднесоа барање до Народната банка иако законот на тоа ги обврзуваше, беше и штедно - кредитното претпријатие "Алфа-С", поради што и согласно членот 130 од Законот за банки и штедилници требаше да биде збришан од судскиот регистар по службена должност од страна на надлежните судови и да се поведе постапка за ликвидација. Доколку сите надлежни субјекти во оваа постапка се придржуваа на законот и ако кај Владата на Република Македонија постоеше поголема заинтересираност за состојбите во оваа област и во делот на состојбите и во делот на информирањето на ова Собрание- за состојбите немаше да дојде до тоа оваа институција да измами толкав број граѓани.

За гаранцијата за осигуруваше на штедните влогови, како најбитен елемент за успешното работење на штедилницата и сигурноста на штедачите за своите штедни влогови штедилницата презентира договор за осигурување во 30ИЈ1 "Вардар" - А.Д. Скопје за кои Народна банка ќе каже: "Дека се тоа вообичаени договори, кои што штедилниците ги склучуваат со заоилите, иако тие договори во себе содржат заштитни елементи за зоилите, кои произлегуваат од дотогашното нивно искуство со овој вид на осигурување". Несреќата да биде уште поголема дадена е хипотека на недвижност во околината на Дебар во висина од 2 милиони долари проценета од Општинскиот суд во Дебар со крајно сомнителен бонитет. Од сето ова Народната банка како најповикана финансиска институција морала да знае дека со недоволен број на супревизори за извршување на нејзината контролна функција со осигурување во зоилите кои немале никакво искуство во овој вид на осигурување, така се вели во Информацијата, и со хипотеки за обезбедување на штедните влогови со

лажна вредност не можело да се очекува ништо подобро од она што подоцна се случи. Дека навистина се работи за целосен несериозен пристап на сите надлежни говори и фактот што надлежната комисија на Народната банка за оценката за издавањето на дозвола за работа на "Алфа-С" вели дека имала повеќе формален отколку суштински карактер. Тоа е на страница 3 од Информацијата.

Од правен аспект е направен исто така голем пропуст, со тоа што со донесувањето на решението од 7.12.1995 година, со кое Народната банка во образложението констатирала дека се исполнети условите од членовите 94 и 95 од Законот за банки и штедилници, фактички штедилницата ја ставила во претсанациона постапка од причина што оваа постапка не може да трае подолго од 90 дена и што токму овие две одредби од споменатиот закон ја регулираат токму предсанационата постапка. Наместо тоа Народната банка по истекот на тој рок ја продолжила дозволата за работа, иако наведените пропусти во решението не биле отстранети. Според тоа, почетокот на предсанационата постапка не може да се смета од 15 мај 1996 година, кога истата е и објавена во јавните гласила. Значи, наместо Народната банка да ги применува законските одредби, таа по свое убедување водела постапка и определувала рокови кои не се предвидени со Законот. Она што особено загрижува е фактот дека и Јавното обвинителство и покрај сите овие очигледни пропусти и незаконски дејства сеуште не е целосно убедено дека се работи за очигледен пример на кривично дело измама и грабеж заради прибавување противправна материјална корист што се гледа од делот на констатациите во неговата информација: "Од овој аспект во Јавното обвинителство во овој момент се брани ставот дека сопствениците и штедилниците на штедилниците и претпријатијата кои вршеле менувачки работи, со фактот што ја прикривале вистинската намера ги доведувале во заблуда штедачите, со што за себе прибавиле противправна имотна

корист. Во судска постапка треба да дека намерата на пријавените лица била да ги измамат оштетените".' И сега од сето ова се поставува прашањето што друго требало да се случи, односно што уште друго требало да пропушти Народната банка и другите надлежни институции во државата за Јавното обвинителство и сите ние да сфатиме дека се работи за класичен пример на кривично дело измама односно грабеж. Секое друго толкување само уште повеќе ќе ги подрие основите на правниот систем и ќе ја загуби во крај вербата кај граѓаните за постоењето и функционирањето на правната држава.

И најпосле тестаментално звучи заклучокот на Народната банка од крајот на Информацијата дека: "добра и синхронизирана активност на контролните органи од фазата на основање, па натаму може да го намали ризикот од масовна појава на такви банкротства". Веројатно дека при сегашните прописи и процедури тешко би можело да се даде дозвола за основање на штедилница од страна на непотврдени и во целост непроверени основачи, што аргументум аконтрарио значи дека досега таква синхронизирана контролна активност не постоела, а дозволи за работа се давале на непотврдени и целосно непроверени основачи.

Против сите оние кои директно или индиректно учествувале во овие грабежи неопходно е преземање на соодветни законски мерки, бидејќи според сегашните прописи од оваа област нивните дела се пропишани како против правни и се предвидени за нив соодветни казнени мерки. Предложената мерка во иднина да се дополни законската празнина донекаде ја замаглува работата, заради тоа што во законот за Народната банка Законот за банки и штедилници и одлуките на Советот на Народната банка имаат целосна и прецизна регулатива.

Почитувани пратеници, ние како Парламент осудувајќи го индолентнист и неодговорен однос кон сите надлежни, државни органи и институции, а пред се на Народната банка на Република Македонија и на

Владата на Република Македонија на граѓаните мораме да сториме нешто за да ја вратиме довербата на граѓаните и угледот на банкарскиот систем во Република Македонија, чиј што рејтинг во светот беше на завидно ниво. Тоа ќе го сториме со тоа што ќе се заложиме навиделина да ги изнесеме сите учесници во овој грабеж, да видиме каде се и кај кого ограбените пари, од каде му се огромни суми пари внесени како штед ни влогови и дури потоа да чекаме што ќе ни предложи Владата за начинот на обесштетувањето на измамените граѓани. Само на тој начин ќе можеме да ја вратиме довербата и достоинството на измамените граѓани во правниот и банкарскиот систем ан земјата, а верувам дека со тоа во многу ќе придонесеме состојбата да не добијат погрешни и непредвидливи текови. Без да се направат овие работи само на брзина донесен закон за обесштетување само би го легализирале грабежот со можни инфлаторни движења во државата и со амин на државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Ајдарага.

**ГАЗМЕНДА АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, денеска имаме на дневен ред едно прашање, едно суштилно прашање едно прашање кое е, покрај немирите што ги направија студентите за кои расправавме во текот на овие три дена доста ја загрижи нашата јавност. Станува збор за измами кој што по се изгледа биле познати и порано, а за тоа впрочем има доста податоци и во многу развиените земји како што е една Германија. Мислам таму бил познат некој Шнајдер, тоа имав прилика пред неколку дена да слушам на Радио Скопје. Особено се интересни во последно време при случувањата што се случија во Албанија познати како пирамиди.

VI/7

Мислам дека одредени работи претседателот на Комисијата за финансирање и буџет изнесе тука и веднаш на почетокот да кажам дека некои работи мислам требаше уште подобро да ни се кажат и на нас. Мислам дека тоа не е само право на Комисијата за финансирање и буџет, и по се изгледа дека ќе мора уште работи да ни се откријат до крај.

Пред малку претседателот на наведената комисија спомна една работа во која се спомнува Дебар. Јас исто кога го читав тоа се зачудив, бидејќи немам сознанија дека во Дебар има од постојните поголеми организации, кои што постоеја досега од поранешниот систем дека 2 милиони долари имаат капитал. Јас сум запознаат со случајот фабриката кога се градеше или локацијата што е добиена, меѓутоа, искрено кажано јас 2 милиони долари дека таму се направени работи во никој случај не верувам. Меѓутоа тоа може да се види на лице место и тогаш точно да се кажува дали е тоа така или не. Во информациите и информацијата на Владата, па и информацијата на гувернерот на Народната банка се изнесоа некои работи кои што наведуваат на тоа од една страна Владата вели дека прашањето на контролата на штедилниците се предмет на Народната банка а од друга страна пак Народната банка вели дека таа контрола не можеме да ја вршиме од икс причини поради законските прописи кои тоа го оневозможуваат.

Мислам дека некои работи треба да кажат порано треба да ги расчистиме и да ги доведеме на прав пат, бидејќи вакви работи може да ни се случат и во иднина. Треба барем малку да извлечеме поуки од ваквите работи. Иако морам да признам дека не ја носи целата вина Народната банка по однос на ова прашање, туку ја носат вината и оние кои што штеделе. Зошто штеделе? Ќе ми се лутат можеби зошто кажувам? Зошто штеделе таму? Зошто не отидоа, да кажам, во Комерцијална банка Скопје Стопанска банка Скопје, Стопанска банка Битола, Охридска банка Охрид и тн. Зошто не штедеа во тие банки. Мораме работите да ги гледаме отворено, а не да ги замаглуваме. Сите

тие штедачи отидоа поради поголемата каматна стапка која ја нудеа тие штедилници. Е сега и консеквенциите се јасни. Ако сме барале повеќе може да губиме и повеќе. Мислам дека тука е логиката. Можеме да правиме сешто, да правиме и притисоци на Владата и на целиот врв македонски,меѓутоа, мислам дека треба да ги гледаме работите малку онака како што се.

Кога зборувам за ова да кажам дека денеска на страница 18 на Весникот "Дневник" пишува во хороскопот меѓу оние кои што се родени за периодот 18.02. и 20.03. дека добро е да вложуваат оти тоа многуструко ќе им се возврати.

VII/1 ДВ/ПН

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Изгледа тоа послужило на луѓето кои ги вложиле парите да добијат повеќеструка добивка, па еве сега им се случува обратното.

Не сакам со ова да кажувам дека не сочувствувам со нив. Многу ми е жал што такви работи се случуваат, меѓутоа од ваквите работи треба да извлечеме поука и да внимаваме.

Кога станува збор за она што е со законската регулатива, мислам дека од расправата по оваа точка треба да произлезе еден заклучок, а тоа што ние треба законите да ги дотеруваме. Конкретно по однос на прашањето за можностите за контрола, поради тоа што влоговите претставуваат службена тајна односно тајна на банката. Јас мислам дека и тука може да се најде начин како тоа да се измени. Мислам дека тие влогови можат да бидат кодирани. Кодот ќе се ги има штедилницата односно банкарската организација која се занимава со вакви работи, а другите работи можат да бидат пристапачни и на оној кој врши контрола и воопшто да не може да се повреди тајната на влогот. Мислам дека една таква работа треба да направиме, но ако не направиме и натаму ќе наидуваме на вакви проблеми.

По однос на издавањето на одобрение, нема да ја откријам Америка, ама јас од првиот материјал што го прочитав а кој ни беше понуден од НРМ и од Владата, веднаш се посомневав дека некои работи и на некои колеги тоа го кажав, дека во НРМ некои работи не биле во ред. Не е добро однапред да се зборува, бидејќи може и јас да грешам како и многу други што зборуваа досега, бидејќи ги немаме точните податоци што се се случувало. Може да ни се случи утре ние да бараме извинување дека работите не биле така. Можеби е преурането сите работи да се наведат така што  како што ни се досега презентирани, иако

со недоволна точност. Затоа мислам дека работата на НБ треба да биде насочена во тој правец, така како што се преземени мерките таа ревизија да се изврши целосно и без да има влијание политиката внатре, бидејќи тоа ќе биде опасно, многу опасно ако се помеша политиката. Имаше такви случаи, еве познати се два одбори на штедачите. Што е таа работа. Така ли ќе ги решаваме работите. Со два одбори можеме да направиме уште два други проблеми. Значи, политиката да нема работа во расчистувањето на проблемот.

По однос на начинот на обесштетувањето и тука треба да бидеме свесни аз состојбата во која се наоѓаме. Што ќе биде, мислам за таа работа ќе видиме понатаму откако ќе имаме точни податоци. Тогаш можеме да преземеме одредени мерки во однос на олеснување на потешкотиите што ги снајде некои, како што е познато и во Албанија, такви случаи имаше, своите минимални заштеди, или пак некои станови и куќи продале па ги вложиле средствата. Меѓутоа, ќе се види таа работа, ќе се најде можеби некој начин. Можеби и тука во извесна смисла може да помогнат и солидарните фондови, бидејќи само на тој начин делумно може да се разреши тоа прашање, бидејќи решавањето по друга основа ќе биде проблематично, можеби и опасно.

Порано кога станувало збор за вакви работи, почесто сум ја истакнувал потребата од формирање на фондот за ризик.

Фондот на ризик мислам и понатаму и покрај укажувањата на господата кој што строго се занимаваат со оваа проблематика, дека исклучиво во решавањето односно во основањето на фондот и Негово целосно полнење со средства ќе биде решен проблемот на осигурувањето на средствата што се вложуваат.

Јас реков дека сум го кажал тоа и порано и сега ќе го повторам. Едини излез за Македонија, според мене е излезот со формирањето на тој фонд, кој што, според мои сознанија не ќе може да функционира сам доколку не се реосигура во соодветна осигурителна организација, бидејќи можеби, нашиот капитал нема да биде доволен капиталот со кој располагаме, за да можеме тој капитал да го осигуруваме, затоа ќе бара, веројатно, осигурување во тие ЛОЈД организации, односно поголеми организации.

Ако тоа прашање го решиме Македонија, можеби подобрите економисти ќе ми замерат, меѓутоа, мислам дека на Македонија не и се потребни додатни средства за својот развој. Доста голема сума на пари лежи под перници, заправо поради таа работа што нема безбедност во однос на пласирањето на тие средства. Од тие причини средствата стојат неактивирани. Според тоа, не она што се нуди со фондот 65% и тоа не е мерка, со 65%. Претпоставка да кажеме некои кои има 100 илјади марки, па само 65 илјади марки да му бидат осигурени. Дури законската регулатива која е сега во сила и ова, треба да кажеме дека не е 65 илјади ДЕМ туку е само 6 илјади ДЕМ по човек, по вложувач, а и не по штедна книшка, досегашната гаранција што ја има земено државата. Јас мислам дека така е. Ние затоа донесовме закон тука во Собранието. Според тоа, значи, треба целосно покривање на тие вложувања, па дури тогаш можеме да тргнеме напред.

Во заклучоците треба да уследи дека треба да ја дотераме законската регулатива и тоа што е можно по најбрз пат, можеби на прва наредна седница, овие работи што се засега уочени, да се исправат со измени и дополнувања на законите, така да ги надминеме тие работи. Сигурно дека ние не ќе можеме веднаш сите работи што е потребно да се изменат, да ги измениме, меѓутоа, оние што се констатирале, сме сигурни дека има потреба, да извршиме исправка,

па за следните работи што ќе бидат потребни да извршиме исправка во следниот период.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Мешков бара реплика.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Излегов само да нема некое недоразбирање. Јас не зборував за никакви претпријатија во Дебар од 2 милиони долари, туку зборував за осигурување на штедни влогови во"Алфа С" каде што е дадена хипотека на недвижност, во околината на Дебар, во висина од 2 милиона долари. Таа е проценета на 2 милиони долари од Општинскиот суд во Дебар.

Јас сакам да кажам за овие работи што ги кажав имам и документација, заради тоа што со своето 25 годишно правничко искуство не би се осудил нешто да зборувам и да кажувам ако тоа не сум го проверил, не сум го прочитал или не го знам.

Второ, повикувањето на член 74 од Законот за банки и штедилници, дека НБ не може да врши увид во пасивата. Тука исто така треба да расчистиме дека тоа не е точно. Односно точно е тоа дека она по извршениот увид не може да ги објавува јавно. Значи, загарантирана е тајноста со тоа што не можат тие јавно да се објавуваат. Инаку, како надлежна институција таа тоа го прави. Всушност ако издаде 13 иљади штедни книшки ако нема увид во пасивата.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Јас не знам, ако сум бил погрешно сфатен. Не го изнесов тоа дека го изнесувам по однос на излагањето на господинот Мешков. Исто така и јас тој податок го прочитав во информацијата што ни беше дадена. Според тоа, не е тоа реакцијата на г-динот Мешков.

**ФАИК АБДИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри.

Во последните месеци од нашето живеење ни се случуваат интересни работи. Покрај се она што се случува надвор, од децата, младежта, од студентите, од другите вонпарламентарни партии, сакајќи да постигнат она што сакаа да го постигнат, и покрај тоа што вчера што ги слушавме тие убави и многу зречи зборови на претседателот на Републиката, г-динот Глигоров, еве денес расправаме и мора да расправаме на оваа тема. За моја среќа или несреќа и јас бев присутен на една седница на одборот за буџетски фондови. Многу внимателно ги слушав изјавите на гувернерот, односно она што е пронајдено. И денес тоа го слушав и сакам да кажам дека се случува многу интересна работа. За оваа проблематика мораме сите да признаеме дека ние е потребен добро остручен кадар, за да разбере што се се случува во банките односно штедилниците, добри познавачи на монетарниот систем, односно на банкарството, меѓутоа, многу чисти и исправни луѓе. Дали ги имаме тие чисти и исправни луѓе кои ќе мора да ни кажат ова е ова, она е она. Значи ни требаат исправни луѓе за да може да не упатат нас, ние што не знаеме многу, јас признавам дека многу не разбирам од банкарскиот систем, но еве, им дадовме за право, покрај она што треба да постои НБ на Македонија како национална банка, па Стопанска банка, Комерцијална и други банки и сме желни други банки од надвор да отвораат експозитури во нашата држава за пласман на средства, ние дозволивме и штедилници со закон. Тие штедилници сметам дека треба во годината многу пати да бидат контролирани за да се види каква е нивната работа.

Опростете ми јас не сакам да бегам надвор од материјата, но авторитетот на нашата држава како и на други може да се руши, може да

се пренабрегне пред другите меѓународни институции, од каже што желно очекуваме помош, каде не добивме во последната наша донација токму заради работите кои ги расправавме овде во Парламентот и надвор од Парламентот, граѓаните на РМ, дека се ограбуваат овде штедачите, младите, студентите и кој знае уште кои други ѓаволи прават недобри работи и никој нема храброст односно не сака да пласира свои средства во нашата држава затоа што не е сигурен, а несигурноста ја правиме ние.

Ние доверивме една штедилница во Битола да ја води една госпоѓа која пред тоа била, како што слушам во затвор, па колку што слушам господинот Киро Глигоров ја помилувал, меѓутоа, не било така и тн. Ако некој се фати со лепливи раце, па тие тргнете ги на време, а тоа значи треба и од МВР луѓе кој не се само школарци, опростете ми туку што имаат длабока пракса во оваа работа и да им бидат трн на сите во око. Ќе рече некој тоа е влевање на страв. Па нека биде и страв.

Ние овде често се среќаваме со термин банкрот. Банкротира штедилницата. Нас ни банкротираат и многу претпријатија. Ние мораме да се вратиме назад и во тие претпријатија да испитаме, што е тоа банкрот. Дали некој при банкрот на Запад, се качил од втори на трети спрат па одозгора се фрлил, или пиштолот во раце и така. На Запад банкротството така завршува. Јас не би сакал овде некој така да заврши. Меѓутоа, банкротот е банкрот, но тоа има исто име и на Запад и овде а ние се стремиме кон Запад. Но таквите случаи кај нас се многу слаби. Познати се многу фирми кој банкротираат меѓутоа треба да се провери пред тоа каде била стоката на тие фирми кај кого е пласирана кој ја чува и дали нема некоја дубара па ајде фирмата банкротира. Кај нас нема такви контроли. Кога еднаш ќе го востановиме тој систем на контрола, па да знаеме каква ни е ситуацијата, зошто депрецијацијата врз нашата

валута може да биде на многу начини. Мислам дека на вас ви е познато тоа. И малку да е човек економиста па да разбере дека може со од година во година ќе имаме удолен не расте, туку опаѓа производството, луѓето си живеат комотно. Така да речам и во социјализмот перфектно живеевме, а сега уште поперфектно пропаѓаме. Така се вика тоа, има една реченица ја употребуваат вработените. Ако можевме да живееме многу комотно сега може комотно да пропаѓаме, па печатење на пари, а тоа е инфлација. И овој момент можеме да го третираме затоа што треба да покриеме одредени издатоци за кој што државата, РМ и нејзините девизни резерви што немаат врска со овие девизи што граѓаните, со право, или без право заради поголема камата ги ставале таму. Добро, нивно право е каде ќе ги орочат своите пари. Меѓутоа, дали во оние здрави, официјални банки, или во штедилници, главно, еве се излажаа луѓето, ги дадоа, ова нека им служи на чест односно дека треба средствата да се дадат во сигурни организации.

Според извшетајот 5 што го добивме од НБ и од дискусиите што беа искажани, поготово од претседателот на Комисијата за буџет и фондови, јас мислам дека имаме многу сериозни работи. Веќе дојдовме до некои работи што треба да ги поставиме многу отворено како прашања. Да појдеме од инфлацијата што и ова ја бутка инфлацијата напред, осиромашување на државата, осиромашување на граѓаните, обезвреднвуање на било која валута, па и нашава валута, заради тоа што немаме лице да се појавиме пред други. СЕ знае дека имаме опаѓање на нето и бруто производот, а тоа значи дека треба да ги засукаме ракавите, како што рече г-динто претседател Киро Глигоров вчера, да видиме дали и меѓу нас има, дали Фаик Абди е еден од тие

што таму грабал. Ако има треба да се каче, без разлика кој е и нас која функција, некој од Владата, некој од Полицијата, некои од банките, некои од стопанствениците. Кој се тие луѓе, затоа што една констатација постои. Ние не ја кажуваме таа констатација овде како граѓани.

Ако се сеќавате во 1989 година и 1990 година, иако беа полни нашите продавници со стока, во 1990 година одеднаш бе празни рафтовите. Во 1991 година исто така. Каде отиде таа стока. Дали, како што се вика, северниот сосед дојде ја зема и ја однесе и тн., како пример го кажувам тоа, или некој од југ дојде, или некој од нашите граѓани, од тие самоуправувачи во подруми и не знам уште каде стоката ја однесоа па после аз добри пари отвораа бизниси и тн. и ми е срам да кажам, станаа ратни богаташи, а тоа го имаме. Сега, дали треба да ги отвориме очите убаво и тоа многу компетентно, многу остручено и да се види што е што.

Јас само сакам да ви кажам еден пример дека наназад 20 години во фабрика "Комуна" каде работам, ние секој месец правиме завршна сметка, вонбилансна завршна сметка, од националниот доход кој отстапува, од онаа главна завршна сметка, најмногу за 5% во плус. Добивката секогаш е тука. Треба секогаш да се прават такви штик проби. Секогаш треба да имате на ум вие работите со банките, и Владата и министерствата, поготово банката, мора да врши надзор, иако се загарантирани штедните влогови на граѓаните, никој не смее да дирне внатре. Не смее, но еве, дошло до ваква ситуација. Сега како дираме внатре, кога дојде густо. Тоа значи штик проби треба да се прават.

Замислете, одредени граѓани кој што должат, да речеме 72,о00денари со затезни камати, тогашните затезни камати што беа така големи, денеска тие должат по 45 по 645, или 70 илјади денари.

Мислам дека граѓаните, беа малку алчни за поголеми камати, али по основ на добиени средства од работни организации, 24 плати по 15 плати, дали по однос на работа на некои нивни деца во странство, нивни фамилии, мислам дека нема право никој од нас да ги окриви, иако кажав дека требало во здрави институции, односно банките да ги вложи, НБМ па и другите банки.

VIII/1.- НД/ЉР

**ФАИК АБДИ**: (продолжение)

Не сум против штедилниците, тие треба да живеат, треба да работат, но контрола да им се врши и сум за тоа да бидат обесштетени овие луѓе, затоа што ако во последните неколку дена гледаме грабеж во една наша Соседна држава, и тоа отворен грабеж, чаша ако види, чашата ќе ја земе, фрижидер ако види фрижидер ќе земе и само пукаат како да се на див Запад луѓето. Тоа е тоа. Кај нас на модерен начин, со финансиски трансакции, префрлување од жиро сметка на жиро сметка од жиро сметка на тековна сметка. Видете какво мајсторско. Тоа е тоа мајсторско. Ама не на нешто што не е откриено досега, затоа што љубовта и шугата мирисаат. Тие се осеќаат еве дојде ден да ги откриеме. Мислам дека не треба да се води хајка туку организирано треба да се пристапи кон луѓето што се окривија према оваа држава, према овие средства. Јас би сакал да имам 100, 200, 300 иљади марки. Би бил богат човек. Да се најдат луѓето, да се пронајдат. Ако се избегани да се најдат по пат на нивно враќање или ... назад во земјата со најголема одговорност. смртната казна кај нас не постои, ама постои робија. Нека седи таму во тие келии,па нека ги окапи прстите, рацете само со лепак да го ставиш во некоја таква институција, мора да се залепи за парите. Да му се парализа и срцето и душата и мозокот и се.

Второ, овие што се прогласија како банкнотери и по банките, штедилниците, а и другите банкнотери, ова најмногу се однесува за јавниот обвинител, не е лошо една контрола да видиме дали е тоа стварен банкрот или дај ми – на ти. Робата е кај мене а г-динот потпретседател гледајте си работа вие банкротирајте. На тоа можеби нема што да оди, чашата ќе оди само ништо друго.

VIII/2.-

Тоа мислам дека го има во нашава земја. Ако вака го спроведеме верувам дека ќе излеземе пред нашиот народ, нашите граѓани не за тоа да гласаат за нас, не за тоа што треба да бидеме пак ние овде пратеници, туку заради тоа да бидеме чисти пред се како луѓе, да не ја заборавиме човештината. Ќе му замерам на мојот колега кој рече овој пат просат за леб македонците. Зошто? Македонците никогаш не треба да простат само Ромите можат да простат. Никогаш не се знае тркало ето. Не се знае што ќе не снајде. Секој може да западне во неволја и јас имам верба во институциите на системот, а тоа значи во Владата, во банкарските луѓе и не сум за тоа да го разрешиме г-динот гувернер од таа функција се додека не се расчистат овие работи он нека си биде гувернер, а понатаму ќе видиме што ќе биде. Што побрзо, што подобро, за да можеме на граѓаните да ја вратиме довербата. Ако чутиме на овие проблеми тогаш стануваме директни соучесници на овие работи.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Се повеќе на пратениците на Парламентот и на јавноста се наметнува прашањето дали ова што се случува денеска со штедилниците и другите финансиски објекти можеше да се избегне. Се разбира дека можеше до колку навреме се преземат одредени мерки за кој Либералната партија уште пред една година укажуваше. Речиси пред една година укажуваше на можни последици од работењето на некои штедилници и други објекти кои се занимаваат со прибирање на штедните влогови .Со овие укажувања се бараше да се преземат мерки на засилена контрола спрема овие штедилници и спрема другите субјекти имајќи предвид дека некои штедилници даваат неколку пати даваа повисоки камати на

штедните влогови од вообичаената камата кај другите деловни банки и другите штедилници и субјекти . Овие камати беа спротивни со било која економска логика имајќи предвид дека е вообичаено овие штедни влогови да бидат пласирани во кредити со поголема каматна стапка од онаа што ја даваат на оние што вложуваат кај нив. Либералната партија беше свесна за овие партии а имајќи предвид дека вакви и слични измами имаше во изминатите периоди во некои други соседни земји од поранешно социјалистичко уредување. Затоа се бараше засилен надзор на сите овие субјекти кои се бавеа со прибирање на штедни влогови на граѓаните и бараше континуирано, периодично објавување на бонитетот на овие субјекти. Исто така, бараше под кои услови е можно да се пласираат овие прибрани штедни влогови. За жал на ова укажување Либералната партија немаше соодветна реакција од ниту еден надлежен орган, пред се од Народната банка и од Владата . Доколку имаше тогаш соодветни мерки веројатно ова штос е случи денес немаше да се случи. Сепак ќе беа значително намалени можностите до ова да дојде. Односно да дојде до сите овие немили настани.

Овие испитувања на Либералната партија беа сосема добронамерни, а пред се во интерес на граѓаните штедачи и севкупната економска стабилност на земјата која сега сериозно е нарушена особено со последните настани.

Либералната партија исто така укажуваше и на прашањето на кој начин се вршеше осигурувањето на штедните влогови и на бонитетот на овие кој го вршеа осигурувањето на овие штедни влогови. Во прилог на ова одеа искажувањата на многуте финансиски стручњаци кои исто така бараа да се врши засилена контрола на сите овие субјекти.

Почитувани пратеници, за жал, од поднесувањето на барањата на Пратеничката група на Либералната партија Собранието на РМ да расправа за сторената измама на граѓаните во Алфа-С - Лавци, Карич банка, Југомаркет, Македонија реклам, Џамаданче и некои други до самото закажување на расправа дојде до уште еден случај, до уште еден потежок финансиски скандал со штедилницата ТАТ. Сето ова сериозно ја нарушува економската стабилност на нашата држава. Сериозно е нарушена, а може би изгубена доверба на граѓаните кон штедењето. Штедењето на граѓаните е една од основните компоненти на развојна секоја држава бидејќи со ова се нарушува можноста да се користат внатрешните потенцијали на Државата, а знаеме за многу помали суми макотрпно се бараат и обезбедуваат кредити од странство и земјата се задолжува.

Ова Собрание со право мора да бара отчет и одговорност за означените состојби а особено во поглед на расчистување на одделна лична одговорност на секој поединец, како што беше кажано од дискусиите на некои пратеници.

Ова го очекуваат сите граѓани на РМ а особено штедачите и тоа пред се од Владата и од Народната банка на РМ. Не можат да се обвинат граѓаните кои штеделе бидејќи тие ги вложувале своите заштеди во легално регистрирани субјекти, а државата е таа која е должна да ја врши нивната контрола.

Исто така, мора да се расчисти во која мерка се работи за организиран криминал, како што изјави, барем онака како што е пренесено во средствата во дневниот печат министерот за правда.

Мора, исто така пред ова Собрание и пред целата јавност да се даде одговор како е постапувано односно како и под кои услови се отуѓени продадените хипотеки од споменатите штедилници и од другите субјекти, како и други низа сеуште нејасни прашања. Ова го очекуваат со нетрпение сите граѓани и овој Парламент мора во врска со ова постојано да расправа се додека не се дадат некој конкретни решенија.

За расчистување на односите вол врска со оваа штедилница впрочем се заложи во вчерашното излагање и Претседателот на Државата

На крајот би кажал дека останува нејасно зошто се разликува во голема мера излагањето на гувернерот на денешната седница пред ова Собрание од она пред два дена изнесено на седницата на Комисијата за финансирање и буџет, каде што беа изнесени многу- поконкретни факти и информации за разлика од денешното искажување кое според наша оценка е дадено доста општо.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиер, претставници на Влада, почитувани гости, почитувани пратеници,

Малку ме предизвика и претходниот дискутант, а испаѓа дека претходно сите знаевме, испаднавме сите пророци, сите знаеме меѓутоа ништо не кажуваме. Мислам дека треба да имаме во обѕир дека штедачите не очекуваат никаков маркетинг, не очекуваат никаква политика, очекуваат да им се вратат нивните пари кој тешко се заработени.

Државата се наоѓа во една сложена ситуација гледано од политички, економски и социјален аспект. И после завршувањето на

тридневната тешка седница каде што се расправаше за едно многу осетливо и тешко прашање, која седница по моја оцена и оцена на граѓаните во државата заврши многу успешно денес на дневен ред е точката која е апсолутно најактуелно прашање што ја окупира јавноста во Македонија, па и пошироко.

Незаконитото работење на неколку штедилници предизвика голем број на граѓани кој чесно го заработиле својот денар ставајќи го во една легална институција на овој систем контроли- рана од Народната банка на Македонија одеднаш ги загубија своите заштеди и голем дел од нив се наоѓаат на работ на својата егзистенција.

Имено, поконкретно ќе зборувам за штедачите на Штедилницата ТАТ во Битола, бидејќи за останатите штедилници бев запознаат само преку оваа кратка информација што беше доставена до Собранието. Добро би било и оние дискутанти што ќе дискутираат околу Штедилницата ТАТ треба да спомнуваат имиња на претпријатија само ако се потполно сигурни, а не да е набројуваат претпријатија, а досега никаде не се спомнати во ниедна информација и потоа апелирам таа информација која ќе ја добиеме најверојатно во текот на наредните денови ако биде некое претпријатие спомнато, тогаш да дискутираме за тоа претпријатие.

Прво, се поставува прашањето честопати и меѓу самите граѓани кои се' штедеше во оваа Штедилница. Моето гледање по однос на ова прашање е следното.

После отворањето на оваа штедилница најпрво почнаа да штедат оние најхрабрите бидејќи многу брзо беше се она што се случи со штедењето во Бивша Југославија погодени и во нашата држава.

VIII/7.-

Потоа во вториот период кога и Штедилницата ТАТ доби поголемо реноме, почнаа да штедат скоро сите пензионери, голем број студенти, сите оние што си одеа со по 12 лични доходи и голем број други граѓани. Меѓутоа треба да се потсетиме дека во овој период Штедилницата ТАТ високо котираше кај Народната банка на РМ и исто така граѓаните следејќи ги дневните новини и радио телевизиски вести, а во едно интервју кое често во последно време се спомнува кај граѓаните од Битола не се сеќавам во кое време но мислам дека беше околу измените и донесувањето на Законот за штедилниците и банки каде што гувернерот во едно негово интервју кажа дека и тој е штедач на една од штедилниците и дека ги повикува граѓаните да имаат поверење и сигурност и да штедат во овие штедилници и банки, што мислам дека не е ништо лошо, бидејќи интерес и на државата би требало да биде секој граѓанин своите пари да ги остава во тие банки и штедилници.

Меѓутоа, после сето ова реноме што го достигна штедилницата ТАТ и после овие изјави штедачите стекнаа уште поголема доверба и така пристапија кон доверување на своите пари по оваа штедилница. Во последно време штедачи станаа скоро секоја фамилија. Дури има случаи каде што продавајќи ги своите имоти, куки, станови и до обезбедувањето на нови своите пари поради опасноста од чување во домовите ги ставија во оваа Штедилница. Според мое мислење не можеме да ги окривуваме граѓаните зошто заштедените пари ги ставиле во штедилниците или банките. Впрочем и интерес на граѓаните е секој заштеден денар да биде на располагање на самата држава. Доколку се постави прашањето зошто штеделе во вакви штедилници одговорот би бил мој секако, следниот. Затоа што овие штедилници претставуваат легални институции на овој

систем, кои се контролираат од Народната банка на Македонија, а уште и добиваа високи оценки за нивното работење.

Почитувани пратеници, често се зборува дека секој штедач мораше да знае дека влегува во голем ризик со штедењето во штедилница која дава висока камата. Веднаш ќе ви кажам дека во Штедилницата ТАТ каматите беа истакнати на јавно место во нејзините простории, па зарем тоа не го знаеше Народната банка на Македонија, или нивните контролори дали тоа не го гледаа при нивното доаѓање во Штедилницата. Оттаму мислиме дека не смее да се фрла вината на штедачот бидејќи тој со право мислел дека тоа е дозволено., Но факт е колку докажуваме ова веќе се случи и сега се поставува прашањето. Што понатаму како ограбените штедачи како да си ги вратат своите заштеди?

'

Граѓаните во Битола се наоѓаат во исчекување на денешната седница на Собранието на РМ . Имено, што на оваа седница ќе заклучиме и дали штедачите ќе бидат накрај и обесштетени.

Во изминатиот период беа формирани два одбора во Битола каде што едниот прерасна во здружение и кое работи и бара решение преку институциите на државата, што според мене е и паметно направено Длабоко сум убеден дека штедачите можат да си ги повратат своите долгови исклучиво и во соработка со институциите на државата а не преку улицата, каде што некој очигледно погрешно ги усмерува.

Штедачите имаат голема доверба во Влада на РМ а пред се во премиерот г-динот Бранко Црвенковски, која институција немаше директно ингеренции према Штедилницата, туку тоа беше работа на Народната банка на Македонија. Според тоа обврската би била од друг

аспект, бидејќи се работи за сите граѓани и мислам дека ќе најде сили и овој пат да ги заштити своите граѓани кои и натаму ќе ја уживаа довербата во оваа Влада.

Мое мислење дека ова прашање може да се реши исклучиво преку носење на закон, кој Закон ќе ги обесштети граѓаните, но во една фаза по завршувањето на целокупната контрола во Штедилницата која не треба да трае премногу долго, во кој закон ќе се каже дека сервисирањето на долгот ќе се изврши на една од познатите банки во државата, но за ова ќе треба да се донесе заклучок на денешната седница на Собранието, бидејќи трпението на штедачите е на својот крај и нив ќе треба да им се гарантира денес дека ќе бидат обесштетени и на кој начин тоа ќе се стори.

Убеден сум дека штедачите ќе го прифатат овој предлог, макар што ќе им треба време. да причекаат, па мора да причекаат, но сметам дека ќе бидат трпеливи. Впрочем тоа и тоа докажуваат, па и натаму ќе ја имаат довербата на банките и штедилниците кои официјално ќе бидат најавени како сигурни и стабилни и дека се под целосна и вистинска контрола на Народната банка на Македонија. Со тоа штедачите со своите влогови ќе и помогнат на државата за со своите заштеди може да се дојде до позабрзан излез од оваа лоша економска ситуација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Пецо Стојановски.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиере, почитувани министри, почитувани пратеници, слушајќи го воведното излагање, очигледно дека Народната банка мора да дејствува во два правци: да предлага законски мерки со цел да има ред во монетарната сфера и примена на истите. Сметам дека тука се направени сериозни пропусти. Дали објавувањето на штедните партии не требаше многу порано да се примени и дали за одредени проблеми не требаше порано да се интервенира. Во таа смисла, никој не може да ја намали одговорноста на Народна банка. Законите се донесуваат аз да важат за сите и ние во праксата тоа мора денес да го покажеме. Македонските граѓани се познати по својата особина и тоа е добро. Но не е добро и мора да се санкционира секое штедење или земање кредит по повластени услови и тука без пардон мора да се санкционираат сите неправилнсоти, независно кој ги извршил истите.

Јас лично не можам да избегам од чувството дека кога се во прашање економските интереси се заборава на политичката боја и затоа инсистирам до крај да се разобличат сите неправилности во оваа сфера, независно дали носителите се од една или друга политичка партија. Само така можеме да се обидеме да) ја вратиме довербата меѓу народот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Котлар.

IX/2.-

**МАРЈАН КОТЛАР:**

Почитуван господин претседателе, почитуван г-дин премиер, министри и пратеници, ова е втор пат во нашата земја во релативно краток временски период од околу 7 години граѓаните штедачи да бидат измамени . И додека првиот пат тоа се случи заради распаѓањето на поранешната федерација, овој пат серијата на финансиски скандали или популарно речено афери се случија во нашата независна суверена и самостојна Република Македонија. овој пат вината не може да се префрла во Белград и во лошо водената финансиска кредитна, фискална или монетарна политика. Вината за настанатата измама на штедачите од "ТАТ", "Алфа С", "Македонија реклам", "Кариќ Банка" "ЈТавци" и други е секако тука во Македонија.

Криминалното и бескруполозно ограбување на обичните граѓани предизвикува барем три вида реакции: револт и бес кај илјадници ограбени луѓе кои панично оформуваат одбори на штедачи, сакајќи во целата своја несреќа да делуваат во легалните институции; страв и несигурност во институциите на власта, кај луѓето кои не се штедачи во инкриминираните штедилници и резигнација и разочараност кај целата популација во Македонија заради недовербата кон нашата заедничка определба наречена правна држава. Појавата на серијата финансиски скандали дополнително ги оптоварува и онака изострените социјални тензии во државата. Веќе имаме илјадници нови сиромашни луѓе, кои до вчера имале некакво чувство на материјална сигурност која се темелела на нивните заработени пари. Мораме да признаеме дека оваа појава негативно влијае на политичката, па дури и безбедносната стабилност на државата, а секако и драстично паѓање на угледот на Република Македонија пред меѓународните финансиски институции.

IX/3.-

Досегашниот развој и расплет на настаните повеќе е исполнет со шокантни податоци аз вредноста на штедните влогови и луѓето кои партиципирале во овие криминални дејствија, отколку со разуми решенија за горливите проблеми. Како може да се објасни податокот дека овие штедилници од кои доминантно место зазема "ТАТ" проневериле повеќе од 100 милиони долари или приближно една третина од девизните резерви на Република Македонија, резерви на кои почива стабилноста на курсот на нашата национална валута.

Понатаму дали можеме или имаме морално право вината за изгубените штедни влогови да ја префрлиме исклучиво врз граѓаните, кои залажани со високите камати, го презеле целиот ризик од ваквото штедење врз себе. Дали државата, сакајќи да ги намали тензиите во оваа сфера, има право долгот да го префрли врз целиот народ преку ненаменско трошење кредити, откочување на спиралата на инфлација или слични механизми. Дали Владата со ваквата поставеност на работите е амнестирана од одговорноста за вакви, за Македонија, и те како крупни афери. Дали одговорноста во пирамидата на власта во Македонија ќе заврши со кривичното гонење на сопствениците на штедилниците и вице гувернерот на Народната банка на Македонија.

Сметам дека за вакви бесрамни криминални дејствија кои посегнуваат и до елементарната материјална егзистенција и сигурност на граѓаните, мора да постојат санкции, без оглед за кого се работи. Мора да постои и да се инсистира на одговорност и во рамките на Народна- та банка на Македонија и Владата на Република Македонија, кои секоја на свој начин тоа го дозволија.

**ТИТО ПЕТКОВСИ:**

Има збор г-динот Трпески, потпретседател на Владата.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Јас се јавив само да укажам. Од неколку пратеници од опозоцијата се спомнува и Владата како виновник за случаите што настанаа со штедилниците. Ве молам, Вие сте пратеници, ова е Парламент и треба јасно да се знае улогата на секоја институција во оваа држава, улогата на Владата во овој случај, улогата на централната банка, улогата на судството. впрочем, гувернерот и во излагањето вчера пред Комисијата и во денешното излагање ја лоцираше одговорноста за овој случај. Владата не бега од одговорноста да бара решенија за овој случај. Оној пат кога ќе се согледаат димензиите, кога ќе се утврди точно што е настанато, колкави се обврските и ќе бара решение, како впрочем што ќе бара решенија и за секој друг проблем, независно дали настанал по нејзина вина или по нечија друга вина. Владата и суша да настане ова лето ќе бара. решенија за да се надминат тие проблеми. Така и за овој случај,откако ќе се испита докрај за секој поединечно, ќе бара решение. меѓутоа, Ве молам, немојте од политички маркетинг сега да барате и таму каде што не постои нејзина одговорност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван премиере, мислам дека прилично е чудно што овој парламент е вовлечен во расправата за работи и за односи кои се однесуваат на два партнери. Јас колку можев да разберам дека оваа точка на дневниот ред на Собранието е иницирана како барање од Либералната партија со штедачите во "ТАТ" банка и не знам, ова Собрание, Владата и претседателот ја прифатија таа расправа како еден од најалармантните проблеми во оваа наша држава.

Сега многу работи овде можеме да ги дискутираме вака или онака, но многу работи овде од одредени пратеници што ги слушнавме дека ова Собрание мора да расправа по оваа проблематика, Владата - еве сега и Трпески кажа - мора да мисли што ќе прави со овие проблеми, а редица пратеници тука, не знам од кои причини или веројатно од регионалност, па и од таму каде што доаѓаат, сигурно дека и наредните избори не се така далеку или блиску - од ова Собрание бараат да прави работи кои јас сметам дека не се во неговата надлежност. Дури, од оваа говорница слушнавме дека штедењето во "ТАТ" банка малтене е сведено на патриотска должност. Нашите напатени пензионери, напатени нзнам какви итн., дека малтене, заради тоа што сакале да ја спасат државата, штеделе во "ТАТ" банка и дека ние како Собрание, како Влада, како Народна банка за што јас ќе зборувам , мислам дека не треба никој да се штеди, дека ние сме ги ставиле тие луѓе во една таква состојба во која што се сметам дека ова Собрание ќе одговори на своите задачи ако побара од сите учесници во живеењето во овој систем одговорноста да ја понесат. Што значи тоа одговорноста да ја понесат?

Кога зборуваме за Народната банка, зборуваме кои се законските обврски на Народната банка во поглед на гаранциите спрема штедилниците. Таму нема мрдање. Ако Народната банка според Законот и т.н има обврска да покрие некои гаранции , таа работа е свршена и ние како Собрание сакале или не сакале треба да ја завршиме.

Другата работа, дали во тие односи државата да кажам, Народната банка или Владата преку нејзините органи ги следеле, ги контролирале работите и колку ги контролирале, тоа е друга работа, тоа е политичка одговорност, дали некој ќе одговара или нема да одговара, тоа е многу симптоматично заговарањето дека ова Собрание мора да најде

решение на напатените штедачи во "ТАТ" банка мора да им ги покрие трошоците. Да се разбереме луѓе, во односите меѓу два партнери, дали е тоа штедач спрема "ТАТ" банка или некој партнер спрема друга организација, тоа се односи во кои државата многу да не кажам и немам право да се мешам. Ако има државата каде да се меша, а сметам дека и треба да се меша, што ова Собрание нема донесено антизеленашки закон. Таму државата треба да се меша, дека штедилници, банки и т.н. не смеат да пропишуваат повисоки од тие камати. Таму ние смееме да се мешаме. А во договор меѓу два партнера државата нема да се меша. мене ми беше премиерот многу симпатичен кога на телевизијата во поглед на овие двете штедилници кажа : луѓе божји, не барајте од нас да ве заштитиме во работи во кои Вие како два партнери се договарате. Ако државата се меша дали каматата ќе биде 5,6,7 или 10%, оваа или онаа гаранција треба да се направи, тогаш тие пак ќе речат , па што ни се мешаат. Според тој, во тој дел не треба да се бара од државата кабает ниту треба да има кабает. Што сега слушаме на ова Собрание наговарање: од ова Собрание не смееме да излеземе ако овој проблем не го решиме. како ќе го решиме овој проблем? Ако се толку пари изгубени, не знам колку се, немаме информација, што значи 100 милиони марки, од каде ние како Собрание ќе ги намириме. Кои се изворите на ова Собрание. Изворите се следни, од резервите. Чии се тие? Народни пари. Значи, треба да ги земеме од нив. Втора работа, да воведеме некој данок дополнителен. Значи ова Собрание треба на сите граѓани на Република Македонија по овој или оној основ да му воведе данок. Или трета работа некој заговара инфлација, што е уште пострашно и поопасно, не само што ќе се намерат парите не знам од каде и како, туку во овој стопански систем ќе направиме одреден хаос. Според тоа, на таа линија ние како Собрание немаме право да дискутираме.

Што можеме да кажеме ние како Собрание, бидејќи веќе сме вовлечени во оваа расправа. Во оваа ние како Собрание можеме да го кажеме следното:

Народната банка во делот од законските норми што се пропишани како гаранција на тие пари мора да си исполни, да си ја заврши таа работа.

Друга работа, во политичкиот дел , ако во сета оваа ујдурма од министерства, министри и не знам кој како е замешан, треба да си понесат политички консеквенции, а тоа се знае како е, или оставка, нема избор и т.н.

И друга работа односно последна и крајна работа, по овој проблем треба да се изјасни единствената надлежна институција во оваа држава, а тоа се судовите. Во односите меѓу еден, друг и два партнера работа имаат судовите. Ако ние како Собрание се вплеткаме во работата која што треба да ја решаваат судовите, уште еднаш ќе покажеме, и така ни зборуваат дека нашето судство е не независно,уште еднаш ќе покажеме дека таа работа е така. р

Според тоа, мој предлог аз заклучок од ова Собрание е следниот:

Состојбите во таа "ТАТ" банка да се испитаат како што се испитуваат, состојбите во секоја фирма стечајна, претпријатија одат под стечај,некој дал роба, на крајот на краиштата ќе наплати два денари од таа роба. Тоа е. Значи таа работа ја свршуваат судови и треба да ја свршат судовите. А таму каде што државата има обврски, каде што има гаранции и т.н., каде што направила грешка, таа грешка мора да се плати колку што е тоа според законите предвидено и кое што ќе го констатира судот. А не од ова Собрание да произлезе дека ние малтене штедењето

во "ТАТ" банка го исповетуваме со патриотизмот, што врска нема. нека ми извинат штедачите, но секој кој што влага влог со 5, 6,7 или 8% меселна камата, тој треба да биде свесен дека и тој кај кого ќе биде пласиран тој влог малку лангзам да го врати. Оти на крајот на краиштата зборот кредит потекнува од латински збор што значи доверба. Според тоа, колку е каматата поголема, толку е можноста односно ризикот од невраќање на тие пари исто така поголем.

Според тоа , уште еднаш ќе повторам на крајот, јас инсистирам ова Собрание да не го вплеткуваме во работи за кои што е не надлежно, без разлика што од ова Собрание можат да се влечат вакви или онакви политички поени. Но да го почитуваме дигнитетот на институцијата Собрание, дека ова Собрание единствено што може да каже е дека во оваа работа треба надлежните органи да си ја преземат работата таму каде што треба и како што треба, оној дел кој што по Законот како обврска во оваа штедилница го има државата , дали преку Народна банка или не знам ако, да си го исполниме и сета работа да ја завршат судовите кои се исклучиво единствено надлежни за да ги решаваат односите меѓу два, три или четири партнери. не можеме ние како Собрание да завлегуваме во односите на двајца луѓе што се договараат. Тие се договараат. Реков ние каде можеме да се мешаме, како што е во Европа и на Запад. Ова Собрание да донесе антизеленашки закон дека ниедна штедилница или банка или кој дава пари дека не смее да дава поголема камата од тоа. Тоа е нашата задача. Сето друго овде што го слушаме може да биде политизирање и сигурно штедачите што ме гледаат ќе речат, овој идиот зошто вака дискутира. Може ќе речат, но исто така јас и нив би ги прашал кој беше нивниот мотив 5,6,7 или 8 или 10% камата месечно. Нез нам колку било, но толку ние знаеме дека најдобрите фирмина запад користат кредити со максимална годишна камата од 7,8 или 10% и тие што се најпропулзивни кои што имаат идеи

тие пари да ги остваруваат. Сега ние на парите сакаме камата од 10%, а се знае тие пари кај кого ќе се пласираат - кај шверцери, кај некој што може контингент да купи од држава и т.н. И сега, ако упали упали, ако не упали не упали, нека бидат со тоа помирени и мислам дека таа е таа работа.

Уште еднаш, по трет пат повторувам дека ова Собрание не смее да биде вовлекувано во такви политички игри, бидејќи е лесно, тие работи се прават , туку ова Собрание треба да заклучи дека оној дел на одговорност на државата, дали преку Народната банка како гарант и т.н. државата може да си ги исполни , надлежните органи за таа работа од управата, од Владата да си ја завршат таа работа, а односите меѓу штедачите и таа банка и парите да се регулираат односно да ги утврди надлежниот орган во оваа држава, а тоа е судот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, г-дин Димов даде предлог, а и други пратеници. Ако тоа не биде формулирано во писмена форма, тоа ќе си остане само предлог.

Според тоа, Ве молам, во текот на седницата го добивте Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет. Таму се предложени и заклучоци што треба да ги усвои Собранието по завршувањето ан расправата. Секој што има сугестии за дополнување и измени на заклучоците да ги даде во писмена форма пред Собранието за да можеме по нив да се произнесеме.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Овие заклучоци можам да ги формулирам и да ги ставам на хартија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа е деловничка обврска.

Има збор г-динот Станоевски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Борко Станоевски.

**БОРКО СТАНОЕВСКИ:**

Ви благодарам на дозволата уште еднаш да се јавам за збор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, вие имате право, вие сте поканети да учествувате во расправата и колку год да оцените за потребно.

**БОРКО СТАНОЕВСКИ:**

Немаше да се јавам за повторна дискусија, бидејќи сметам дека е, не знам кој збор да употребам, но мислам дека не е добро овде да дискутираме за суштината на еден или друг член на Законот за Народната банка или од Законот за банки и штедилници дали членот 74 значи вака, тврдејќи дека е вака еден правник или е инаку, како што тврди Народна банка. Повеќе ме предизвика нешто што и лично ме навреди и тоа ме натера да се јавам, од дискусијата на г-динот Мешков и уште еден некаков сопартиец кој тоа го потврдија чудно му е како гувернерот за два дена се превртел за 360 степени.

Само сакам да ви кажам дека не постои ниту човек ниту сила кој може да ме преврти. Може да ме убие, може да ме затвори, може да ме окове во ланци, меѓутоа да ме преврти не може. Прво, нема никаква разлика меѓу моето излагање денеска и она од излагањето во Комисијата. Се што кажав во Комисијата во детали овде го потврдив како резиме. Ништо не премолчив. Кажете еден аргумент или адут кој го кажав на Комисијата а овде не сум го кажал.

Не бегам од дискусијата, за критиките што ги упатувате на мене, прифаќам се. Ниту еден не можете да ме обвините толку за морална

одговорност колку што можам јас самиот да се чувствувам. Ниту сум пратеник, ниту новинар ниту било кој граѓанин. И, ќе ја носам сигурно додека сум жив таа одговорност, за моралната одговорност, што се случи во воие два случаи. Не заради банкротството на една или две штедилници, повеќе заради тоа што се случи во мојата близина, што се случи во односот мој со моите соработници, што се случи издајството од луѓето на кои им верував 15 години, кои ги градев како мои деца и како мои браќа и сестри.

Банкротството е нешто нормално во целиот свет. Сите закони за банки и штедилници во светот, половина одредби, членови се однесуваат на санација, предсанација, ликвидација, стечај и банкротство на банки. Нема држава во која не се случило банкротство на големи и мали банки или штедилници. Претседателот на државата сношти напомна еден случај. 1986,1987,1989 година Америка ја тресеше. Од 3.000 банкротираа 2.000 штедилници. Тој кажа некој податок 1.200 но јас имам писмени документи и ако сакате ќе ви го прочитам. Банкротираа 2.000 штедилници со преку 500 милијарди долари капитал. Од нив 200 милијарди го покрија штедилниците од имовината што ја имаа, 300 милијарди беше чиста загуба. 130 покри државата, бидејќи имаше до 60 илјади долари гаранција за штедните влогови во штедилниците, а 170 милијарди долари си ги поднесоа сами граѓаните. Нешто беше решено со оваа банка "Мери Линч" која презеде некои поголеми штедилници, но тоа останува. Значи, не е никакво чудо што се случуваат банкротства на банки и штедилници. До сега во Македонија банкротираа 6 банки. Банкротира втората по големина банка. Гсподата кои сега се многу добри генерали после една изгуби на битка, тогаш не реагираа. Четири години поминаа, овде извештаите на Народната банка за работењето во текот на претходната година, секоја година даваме два извештаи за вршењето на контролната функција на Народната банка. Тогаш немаше толку паметни генерали да ни изнесат каде грешиме, да ни посочат што

да направиме и како да направиме. Јас уште еднаша ќе повторам Народна банка може да контролира званични податоци во званично книговодство, искажани во месечни извештаи, во полугодишни и годишни сметки. Ние не можеме и не сме квалификувани да бараме документација во подруми, во други станови, во шкафови, во шифоњери кои не смееме да ги отвораме итн.итн. Ние одговараме за тоа што го контролираме, за тоа што е званично книговодство на една финансиска институција.

Земете ги завршните сметки за 1993,1994,1995,1996 година на штедилница ТАТ, пратете ги на која сакате ревизорска куќа во светот, ќе ви покаже дека е тоа добра штедилница.

Меѓутоа, Народната банка, како што овде изнесувате, никогаш не тврдела дека таа е стално добра штедилница. Еден извештај е направен со добра оценка, месец дена после тој извештај или токму во времето на тој месец јас дадов преку "Фокус" ми се чини беше едно интервју и ги предупредив сите граѓани дека во сите штедилници што се работи на незаконит начин се работи една евиденција за народна банка, друга евиденција за сопственикот на штедилницата и дека штедењето во штедилниците е високо ризичен. Ако сакате јас ќе го најдам и ќе ви го умножам тој дневник кој што сега едни штедачи на "Алфа С" дури претат, ќе ме тужат кривично зошто сум се обидел да направам како гувернер некои чекори со кои го уништувам, го уназадувам штедењето во Македонија.

Ниту еден друг извештај за штедилница ТАТ, можете да формирате пратеничка група, анкетна комисија или не знам како тоа се се вика, ќе дојде и ќе провери, ќе видите каква војна биеме две-три години со оваа штедилница. Нема контрола која не завршила со мерки, со решенија, со налози да се направи ова, да се направи она, да се прокнижи ова, да се направи таква евиденција, да се направи онаква евиденција.

X/4.-

Првпат во светот една централна банка го пренесе книговодството за една штедилница да го води во сопствените компјутери. Од октомври минатата година го имаме тоа книговодство за ТАТ штедилницата Секоја промена дневно ја следевме. Но, следевме она што се книжи во официјалното книговодство. Она што се фрлаше во подрумите на ТАТ ние не можеме да го контролираме, не можеме да го следиме. Две години баравме да најдеме еден документ кој ќе покаже дека покрај таа документација што ние ја контролираме некаде има и друга документација.

Тоа што на мојот заменик му замерувам не е тоа што од 50 илјади марки направил милион марки. Од тоа нема никаква фајда. Тие се таму, во штедилницата и ќе пропаднат таму во штедилницата. Му замерувам тоа што го имал клучот на таа пирамида во џебот. Што имал друг штеден влог кој, ако го кажал, ние пирамидата ќе ја пресечевме на многу පониско 1996 година веројатно, средината или почетокот, или 1995 година и немаше 100 милиони марки туку ќе ја пресечевме на 50, на 30, на 40 итн.

Но, што се случи се случи. Тоа најмногу ме боли. Тоа ме 6ОЛЈ оти во мојата канцеларија бил клучот. Илјада пати, не знам колку денови сме биле заедно, бил во мојата канцеларија, бил во неговиот џеб тој клуч а ние го баравме по Охрид, го баравме во други места и не го најдовме.

Нема смисла веројатно да се објаснуваат некои работи по двапати ако мислев дека се разбравме на Комисијата. Вие рековте дека сме дале некоја привилегија на штедилницата ТАТ со тоа што сме дале поголем, со некоја одлука за ограничување на пласманите, поголем простор отколку на две банки. И, објаснив многу убаво и мислам дека ме разбравте.

За секое тромесечје донесуваме одлука за обемот и динамиката на пораст на пласманите на банките и штедилниците. Основица е

последниот месец од последното тромесечје и сите банки и штедилници добиваат еднаков процент, 1,5 или 2 или 3% во зависност од основицата зависи која ќе добие. Имаме банки, две или три кои сеуште не прават никакви пласмани во стопанството. Тие не може да добијат. 3% на 0 е 0, а 3% на 10 милиони марки е 300 илјади марки. Е сега, ако тоа таму се разјасни и ако тука треба да го објаснуваме, јас предлагам пратеничка комисија да се формира да дојде и да го испитаме тоа прашање.

Членот 74 е препишан со иста содржина во сите закони за банки и штедилници во светот. Така како го толкува Централната банка на Швајцарија, на Германија, на Франција итн. итн.

На Комисијата кажав, овде не кажав, мислев тоа три пати се даде на Телевизија, го изнапишаа сите весници,во светот повеќе се практикува да се разделат тие две институции Централната банка од Супервизијата и контролата. Така е во Франција, така е во Германија од европските земји, нешто слично како кај нас е само во Англија. Тоа се прави со цел заради тоа што секаде има банкротства, заради тоа што секаде се откриваат незаконитости во работењето на штедилниците и на банките, да се заштити авторитетот на Централната банка која во секоја држава е после Владата втора по важност институција за макроекономската политика, за стабилноста на сите макроекономски големини на денарот, на курсот, за создавање девизни резерви итн.

Прљавштината од контролите да ги носи на себе таа издвоена институција која се вика Супервизија на банка. Веројатно направивме и ние грешка што тоа не го издвоивме. А, не го издвоивме за тоа што сметавме дека сепак ќе ги направиме никулците на таа служба во Народна банка, а подоцна кога ќе нарасне ќе ја издвоиме во посебна институција Меѓутоа некои настани не испреварија, се случија и сега падна критиката на Народната банка и на оние што работат во платен

промет со странство и на оние што работат во трезор и на оние што работат на создавање и користење и ракување со девизните резерви и оние што го организираат платниот промет и со странство и во земјата итн. итн. Заради една штедилница, заради една госпоѓа која крадела во Битола пред очите на цела Битола а никој не го видел тоа.

Од каде најде Битола толку пари да ги внесе 100 милиони марки и никој да не го осети дека тие 10 0 милиони марки се преголема сума за да располага со нив една штедилница. Ние контролиравме излаз од 10 милиони марки. Сега откривме во подрумот, во друго претпријатие што се вика ТАМ, во трето претпријатие што се вика "2 Сат" документација што ја наоѓаме и сакаме да ја искнижиме.

Народна банка, наместо да го спречува криминалот, учествува во криминалот и од ТАТ во менувачница во Битола купувала девизи и исплатила. провизија. Народна банка на Македонија создаде нето девизни резерви во вредност од 230 милиони долари купувајќи ги исклучиво од менувачници. Од менувачници во Бит Пазар, од менувачници во Гевгелија, од менувачници во Кавадарци, од менувачници во Куманово, од менувачници во Битола, меѓу кои била и ТАТ. Од ТАТ се купени 7 милиони германски марки сменети пари, затоа што е тоа менувачница, платена е провизија исто толку колку што е платена на сите менувачници во Македонија. Не нам на кој начин Народна банка на Македонија учествувала во криминалот што го правела менувачницата или штедилницата ТАТ. Ако имате некои конкретни намери кажете ги веднаш. Јас понудив и гласање за моја доверба, ја имате и мојата оставка ако сакате. Но, ви кажувам дека мојата оставка сега ја сметам за чин на кукавичлук. Треба да ја завршам таа работа. Треба да се обидам да ја завршам, не знам дали ќе ја

завршам. Многу е комплицирана. Треба да се изврши реконструкција на милион документи. Да видиме секој документ што значи, како значи, да го ставиме на право место, да го затвориме мозаикот и да добиеме биланс кој ќе каже колку пари се влезени во таа штедилница, колку е припишана камата на другата страна што се вика актива колку имовина има односно да утврдиме колку е дефицитот. Да видиме начин на кој тоа ќе се покрие

Имаше уште едно прашање, дали истакнувањето на списоците не требаше да се направи порано и дали, некој кажа еве сега, Народна банка забрза со мерки, донесе мерки што требала да ги донесе порано.

Тие мерки се во најмала рака некултурни мерки. Примитивни мерки. Такви мерки не се применуваат никаде во светот. За жал, пред Комисијата реков, сега и тука ќе повторам некои детали до таа расправа таму, јас пред 3 години не бев толку искусен во работата со штедилници те колку што сум сега, па тогаш да предложев и да донесев такви непримитивни одлуки. Веројатно искуството се стекнува со работа. Се стекнува, печејќи се на разни проблеми и горејќи се на разни проблеми. Но, почнувајќи до 1992, од 1993 година јас признав и сега признавам тогаш контролата и супервизијата ја препуштив на мојот втор човек. Јас бев свртен кон други проблеми кои беа исто така големи, кои беа исто така значајни и исто така бараат преокупираност цел ден.

Се извинувам, веројатно бев малку преемотивен, но доколку има такви прашања околу надлежноста,околу толкувањето на законите, мислам дека овој аудиториум не е место каде што треба да толкуваме дали Народна банка можела да контролира и што можела да контролира, дали тој член треба да се толкува така или треба да се толкува вака. Јас се соочувам и на мојот совет каде што седат четворица правници, двајца тврдат дека ова уверение што го имала Соња е уверение со кое се

докажува дека не е осудувана, двајца тврдат дека тоа е уверение со кое се докажува дека само не е под истрага, а треба друго уверение и требаше да ги пуштам да се тепаат. Отидов кај Кацарски, правник, не знаеше ни тој да ми каже што е уверението. Фатив претседател на суд да прашам што е и тогаш разбрав дека тие уверенија ги издава друг орган, не судот, полиција на некое барање итн. итн. Изгледа колку правници толку мислења можат да се соберат, но јас не сум тој кој треба да пресудувам, да арбитрирам меѓу нив.

Јас, господине Мешков Ви се извинувам уште еднаш, не ја сфатите мојата, но кога ми е најтешко не сакам некој да ме боцка непотребно. Сите критики, сите конкретни издржани критики ќе ги прифатам, ќе го платам секој цех што треба да го платам, но ништо нема да дозволам да ми наметнете, да ми припишете што не е точно. За тоа сум сеуште доволно свесен и јак да се бранам од такви работи.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Мешков се јави за реплика.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Драго ми е г-дине гувернер што не може да ве сврти никој за 360 степени за 24 часови. Тука сме слични.

Не знам вие кој сте по ред вака што во последно време ни кажувате што треба а што не треба да се говори пред овој Парламент. Ние сме пратеници и се што мислиме да кажеме, се разбира аргументирано и со факти, јас мислам дека имаме право да кажеме. Никој тоа не може да ни го забрани, освен ако се служиме со лаги, со клевети или со некои неаргументирани настапи.

X/9.-

Јас и во мојот настап кажав за оној дел каде што спомнав претпријатија, хипотеки, јас нормално дека тоа прво сум го видел, сум го уочил, сум го проучил па сум го кажал. Сигурно не би го кажал поинаку.

А, толкувањето на одредбите можеби не е сега место тука да се расправаме дали е така или не е. Јас и сега тврдам дека деловна тајна е она што може и не може да се објавува, впрочем тоа и пишува во членот 74 од Законот за банки и штедилници, дека деловна тајна може да биде нешто што е од интерес за финансиската институција и кое не може јавно да се објавува се додека за тоа не се добие дозвола. Ако Народната банка како овластена не може во пасивата да изврши увид не е крива Народната банка, не е крива Владата, не е овој, кој ќе изврши увиди да види што се правело? Ние ли пратениците да одиме да формираме групи и ние сега во пасивата да влегуваме и да гледаме што е таму, дали е вака или е онака и што се има?

Значи, јас и сега тврдам дека деловна тајна е она што не може да се објавува без соодветен документ, а не дека и надлежни органи што се со закон овластени тоа да го чинат дека не може да извршат увид.

Трето, она што е најбитно, јас мислам воопшто, ниту реков, ниту ми беше на памет да кажам дека вие тоа што го кажавте на Комисија сега поинаку сте го кажале. Воопшто така не реков и не мислев. Него, само реков и мислев дека она што вие го кажавте на Комисија беше многу поопширно, беше со многу повеќе посочувања на одредени проблеми, на одредени грешки. Дури таму вие баравте, што не беше во наша надлежност и за довербата за да може да ви се остави време сите овие грешки да ги увидите, точно така, меѓутоа мое убедување беше дека вие

во воведното излагање кажавте неколку рутински контролни работи што сте ги вршеле, а не го кажавте на Комисијата. И тоа беше мое лично убедување. Јас воопшто не реков дека таму сте кажале едно, а тука тоа сте го извртеле па сте го кажале поинаку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници,

Ќе се осврнам, се надевам многу накусо само на три аспекти, бидејќи тие беа заговорени во вчерашната комисиска расправа и денеска.

Првиот аспект е дали системските решенија од правниот систем во доменот на регулативата што се однесува на Народната банка на Македонија, на Законот на банките и на штедилниците содржи правни празнини или нема решение за ефективно целосно комплексно, значи и континуирано ревизирање или контролирање на работата на штедилниците и на банките од страна на Народната банка.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Вториот аспект би бил дали правниот поредок гарантира определена сигурност на вложувањата и тогаш кога можат да постојат определени прагматски, или здраво разумски индикатори за ризик.

И третото она на што бев повикан околу аспектите на организираниот криминал во случајот на ТАТ иако прашањето беше поставено во однос на размерите, а се разбира размерите можат да се утврдат после комплетната анализа, но индикациите апсолутно укажуваат на постоење и на таков, индикациите и првите извештаи и постоење на таков криминал во овој случај. Детално исчитувајќи ги овие два закони се утврдува дека практично Народната банка на Македонија е полновласна во доменот на контролата и супер визијата на работата на банките и на штедилниците и тоа не само над официјалните документи, или завршните сметки, или некои други официјал- ни документи, туку комплетно над сите документи, над активностите и над финансиските врски на односната штедилница со други субјекти. Во ниеден член од Законот за Народната банка нема никакво поврзување на овластувањето на банката со друг орган на власта. Не постои никаква детерминација на функцијата на контролата и ревизијата на Народната банка од кој да е друг орган, најмалку од страна на Владата освен фактот што постои обврска на Народната банка пред Владата еднакво како и пред Собранието да настапи два пати годишно со извештај за состојбите на штедилниците, или на областа над која има надлежност. Факт за тоа се členовite 9, членот 10, членот 12, членот 14, членот 18, членот 19, членовите 20, 47 и тн.

И сега околу супервизорската и инспекторската работа во членот 47 се укажува дека контролата од став 1 на овој член Народната банка

на Македонија ја врши посредно со контрола на документацијата доставена до Народната Банка на Македонија и тука беше претставено дека тоа е единственото ниво на можност на вршена контрола и единствено овластување на Народната банка. Меѓутоа, тука нема точка. Тука има "и". И непосредно со увид во самата банка и штедилница и на други субјекти капитално и управувачки поврзани со банката и штедилницата. Што значи дека законот бил радикален во поставувањето на овластувањата и надлежностите на Народната банка во овој домен.

Членот 49 укажува дека гувернерот донесува решение со кое против банката, штедилницата презема мерки, определува рокови за отстранување на утврдени неправилности. Понатаму, особено членот 50 точка 14 укажува, реди мерки што може Народната банка да ги пропише, а тоа е гувернерот на прво место. Точката. 14 пишува: други мерки за кои гувернерот смета дека се неопходни да се применат. Што значи точката 14 апсолутно означува неограничување на мерките и на потребните средства, туку го поставува гувернерот во позиција на надлежен по основа на рационалност, по основа на свест и на волја во пропишувањето на оние мерки кои што законот не ги исцрпува.

Точката 14 е отворена позиција на надлежност на гувернерот во однос на самата контрола. Тука во иста смисла стои конечно и членот 58 каде што се утврдува дека Народната банка на Македонија донесува одлуки, пропишува методологија, форма, содржина, начин и рокови во кои банките и штедилниците ги доставуваат податоците на Народната банка и слично што значи конечно и методологијата. Со еден збор пропишувањето на моделот, вршењето на контролата и санкционирањето е во комплетна власт на Народната банка. Тоа е поле на автономна надлежност, тоа е поле на полна надлежност на самата Народна банка. Ова требаше да се каже со оглед на тоа што во извештаите  и исказите и денеска и на комисиите беше поставено, беше

изнесена шот систем практично со своите решенија ја детерминира контролата, нeja ја поставува само на ниво и во форма која што може да даде само нецелосни увиди, па на тој начин сосема е можно поради таквите решенија во правниот поредок да се случат карамболи и комплетниот увид е единствено возможен пост фестум, после настанувањето на овие проблеми. Имено, тој заклучок не е коректен во однос на нормативните, или системските возможности. Според Законот не е нужно осведочувањето на Народната банка да мора да настане пост фестум, туку ако таа контрола во овие рамки, во овие нивоа континуирано се вршела, таа можела да биде превенирана, ризикот да го намали самата Народна банка преку својата функција. Тука системот нема недостатоци.

Вториот аспектот колу позицијата на штедачите во однос на ризикот, поготово што во дискусијата се вклучени варијанти дека е тоа индивидуален однос, дека е тоа однос од граѓанска природа меѓу две странки, дека тоа е договорно детерминирано и дека ризикот и ќарот одат под мишка и дека на тој начин практично не постои одговорност за субјектите на државата, вклучувајќи ја и банката, но вклучувајќи ја и Владата. Мислам дека таквото толкување е погрешно повторно од становиште на решенијата во правниот систем и точно во Законот за банките и штедилниците. Не може да се прифати дефиницијата дека граѓанинот е тој кој што единствено го носи ризикот, бидејќи тој своите вложувања не ги врши на некоја планина која што е надвор од доменот и дофатот на функциите на државата, на институциите, или таму каде што не функционира правната норма. Тој ги врши своите вложувања во институциите кои што се регистрирани од страна на државата преку надлежните институции, во институција ко за што има фирма, која што

има овластување, која што работи на светлината на денот во кои функционираат и сите други државни органи и институции кои што имаат надлежности во однос на таквата штедилница.

Членот 2 од Законот за банките и штедилниците дословно пишува: банката и штедилницата се правни лица кои самостојно вршат дејност заради остварување на добивка врз начелата на ликвидност, сигурност, онаа рентабилност е повеќе за правниот субјект, или за сопственикот на банката. Што значи дека начелото на ликвидност и сигурност е елемент на Законот за банките и штедилниците. Тој е елемент на правниот поредок на Република Македонија, на Законот што го има предложено Владата, што го има изгласано овој Парламент. Тие два принципи не се ставени заради украс, особено не како мамка да се навлечат штедачите, а потоа да им се каже, извинете, единствено вие сте виновни бидејќи си имате договор лично потпишан со банката. Овие принципи тогаш кога не се обезбедени, а постојат во самиот Закон, тие во рамките на обврските што ги има Народната банка во смисла на гарантирањето на долгот, на општата резерва, на пример и на посебната резерва во Законот за Народната банка каде што не се исклучени штедилниците и каде во Законот на штедилниците нема иземање во однос на сето тоа, на контролата што треба секогаш, во секое време да види колку е ликвидна и колку преку тој инструмент, или тие институции е намален ризикот.

И конечно на државата во името на Парламентот што го донел Законот и на Владата овие принципи мора да ги досегнат и нив и тогаш кога 1се се случи штета на граѓаните од голем размер, во голема серија, кога станува збор за флагрантно кршење на улогите на самата штедилница, на институциите што треба да ги контролираат, тогаш не

не може Владата да не биде одговорна за ситуацијата и нејзината одговорност за ситуацијата јас барем ја гледам на две нивоа. Прво, таа е одговорна за состојбите за кои ќе мора да најде решение, а решенијата не смеат да бидат апсолутно се согласувам фрлање на ќе- бе преку криминал, преку заташкување на одговорност било во доменот на контролата, било во злоупотреба на службената должност, било во лично криминално понесување или неоправдано збогатување, манипулирање или слично. Не може да биде фрлање на ќебе особено врз постапки на членови на самата Влада ако има такви, на членови на Парламентот, или на која и да е друга власт. Доколку во рамките на овој случај и на кој и да е сличен случај учествувале не само како штедачи, бидејќи штедењето не е криминал, туку доколку учествувале со мотив на зеленашење на пример, со камати од 20%, а доколку граѓаните примале 3% особено доколку се' наоѓаат на позиција со овластувања во односната банка, а се корисници на услугите на таа банка. Тоа апсолутно самото по себе дури независно од каматите. Меѓутоа особено кога станува збор за такви камати и на сите други лица кои што поради својата позиција и моќ во власта, поради својот углед, поради количината на влијанието што различно од обичниот граѓанин можат да го употребат, со мотивите на својот личен интерес овозможиле да функционира неколку години и помагале да ги прескокне камењата каде што требало да и се скрши колцето на одредена институција поради лошата работа, поради криминалната работа. За сите нив не може да има покривање со каков и да е закон на обесштетување на граѓаните во смисла: нив ќе ги обесштетиме, а ништо на другиот план нема па направиме. Бидејќи проблемот на случајот не е најголемиот проблем губитокот на пример стотина милиони марки, туку проблемот е во прашање на државата, за нејзината структура, функција на база на законот на владеењето на законот, проблемот е на честа и на мотивот

на тие што се носители на јавни функции тоа да го остварат не само заради некои апстрактни мотиви или идеи, туку заради обезбедувањето на постоењето на перспективата и на развојот на Република Македонија како стабилна и прогресивна демократска држава. Најголемата вредност на сите нас, но не само поединечно, туку на сите граѓани на Република Македонија е таквото функционирање на Република Македонија, не било таквото функционирање. Од тие причини I мислам дека премиерот кој што е на еден начин дефиниција на самата Влада, концентрирана дефиниција на самата Влада ќе има сили во таа насока да биде радикален, да биде принципиелен и да ги преземе нивните мерки и мислам дека во таа смисла ќе има поддршка од тие кои што со такви мотиви влегле во политиката, или со такви мотиви се во самата политика.

Само околу деловната тајна. Членот 7 3 и 74 воопшто не забранува увид во сите елементи од работењето на една штедилница на законски овластените лица кои што имаат посебни позиции во однос на штедилницата, тие секогаш можат се да знаат, но деловна е тајна во доменот на објавување. Тие не смеат тоа да го објават. Но објавувањето е се разбира можно. Тука има две форми. 06јавувањето едно е можно со судска одлука кога има разлози за тоа судот цени, ги цени разлозите и дава, или не дава согласност за објавување. Не мора да постои кривична постапка отворена, може да постои сомнение за криминал. Па судот во таа смисла тоа го дава, затоа што законот вели: објавувањето се дозволува со судска одлука точка, не во кои услови, туку со судска одлука.

Второ, тогаш кога баравме надлежен орган податоци, меѓутоа директно ненадлежен орган во однос на контрола кој што нема овластена позиција во редовен увид на тие состојби како што може да биде Министерство за финансии, Владата, Парламентот или некоја

друга институција, тогаш соопштувањето на тие податоци од страна на штедилницата се врши преку, со посредство на барање од страна на судот, по судска одлука. Што значи дека тврдењето дека Народната банка не можела да влезе во длабински квалитетно истражување на се она што се случувало заради членот 74 правно не стои воопшто.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, ова прашање што е на дневен ред е актуелно затоа што претставува политичко прашање од аспект што делува вознемирувачки на граѓаните и од аспект што бара актуелната власт со сите постоечки инструменти да го из- веде и расчисти до крај во функција на правната држава. Прашањето има и економско значење заради тоа што исчезнува и еден извор толку потребен во Република Македонија која се наоѓа во фаза на дезинвестирање, односно како еден потребен извор за инвестициониот циклус во Република Македонија. Ликвидниот колапс на неколку финансиски институции банката за надворешна трговија, Македонската банка Еуроинвест банка филијалата на Кариќ банка, Југомаркет штедилницата, Алфа-С, Лавци, ТАТ банка и тн., но и на неколку претпријатија кои се занимаваат со финансиски трансакции пред се Македонија реклам, но и на неколку поситни фирми кои во последните месеци доби тежина заради големиот износ на пропаднатите средства на граѓаните, секако дека се наоѓа во центарот на вниманието на пошироката јавност. Се разби-а се од аспект на прашањето за изгубени средства и на прашањето ка- де се парите.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:** (Продолжение)

Со оглед на тоа што станува збор за пропаѓање на поголем број штедилници прашањето, како што реков, има и поголема политичка тежина. Не е сеедно да пропадне еден самостоен пазарен субјект. Одговорноста за тоа сепак ја сноси основачот на еден пазарен субјект. Меѓутоа пропаѓањето на субјекти кои спаѓаат во институциите на еден финансиски сисгем секако дека бара и една елаборација од наша страна. Финансискиот систем претставува, поготово и банкарскиот конголмерат на финансиски институции со прецизно дефинирани принципи на работење, чии основни атрибути се ликвидност, солвентност и кредибилитет. Тие атрибути и постулати како фундаменти на работењето на финансискиот систем, во конкретниот систем, системот на банки и штедилници и неговите институции воспоставени се по монетарното осамостојување на Република Македонија со донесувањето на Законот за банки и штедилници и со донесувањето на Законот за Народна банка на Република Македонија.

Согласно одредбите на Законот за банки и штедилници штедилниците како и банките се правни лица кои самостојно вршат дејност заради остварување на добивка, врз начела, пак на ликвидност солвентност и рентабилност. Во тој контекст тие се носители на права, но и обврски и одговорност во правниот промет со средствата што ги имаат и капиталот со кој располагаме. Штедилниците можат да образуваат правни лица со седиште на територија на Република Македонија и физички лица државјани на Република Македонија, но секако со претходна лиценца од Централната банка на Македонија. И пропишани правила на работење, како и определена висина на капитал како влог кој што изнесува 300 илјади дојч марки. Бидејќи најголем број на штедилниците се регистрирани согласно претходниот закон за банки и штедилници ("Службен лист"број 31/93) тогаш капиталот како основен влог изнесуваше 150 илјади германски марки, но беше предвиден и

период од пет години со една динамика на пораст на капиталот како пасива, почнувајќи од 30.04.1997 година и (требаше целокупната таа финансиска конструкција како влог да заврши на 30.04.2001 година.

Со Законот за банки и штедилници токму се дефинирани и работите со кои можат да се бават штедилниците.

Прво, прибирање на денарски штедни влогови на физички лица.

Второ, одобрување кредити на физички лица без својство на правно лице.

Трето, земање на кредити од банки и други штедилници.

Четврто, економско - финансиски консалтинг.

Петто, купување на краткорочни хартии од вредност.

Шесто одобрување кредити на правни лица, но исклучиво преку банка.

Без посредство на банка штедилница може да даде кредит на нефизички лица само во два случаи.

Прво, на банка или ан друга штедилница, на правно лице но до 30% од влогот односно гарантираниот капитал. Сега се поставува прашањето како се ова што е пропишано во закон и како правило на однесување се одвивало во практичниот живот во системот. Се покажа дека голем дел од штедилниците ги заобиколиле или излегле од рамката на овие правила како норми на однесување и тоа:

Прво, фиктивно штедење на денари зад кои стои фактичко штедење на девизи.

Второ, пласирање средства во високоризични активности со голема активна камата, а со цел да се обезбедат средства за исплата на енормни пасивни камати со кои се провлекуваат депозитури. Заобиколување и надминување на ограничувањата на пласманите.

Неточно и некомплетно прикажување на книговодствената состојба,актива - пасива. Дејствие со примеси на стопански криминал и тн., еден цел спектар на неправилности, што бара и ангажирање на повеќе компетентни институции на системот, заради расчистување на сите небулози од ова сценарио. За жал, последните случувања на пропаѓањето на бројните штедилници го дескредитира кредибилитетот и репутацијата, како и значењето за економијата и на добрите штедилници и банки. А јас спомнав во што е заложбата на овие институции во услови кога Република Македонија е главна за инвестиции за решавањето на најгорливиот проблем, невработеноста.

Одлуката со која Народната банка интервенира прибирање на штедни влогови до висина на основачкиот капитал како прва одбранбена зона за спречување на овие појави е задоцнета одлука.

Второ, одлуката пак со која Народната банка интервенира, а со која штедилниците до тој момент имаат прибрано повисок износ на депозити од основачкиот влог да мора во рок од 12 месеци по 10% месечно да го израмнува основачкиот капитал, исто така, е задоцнета. Одлуката за лимитирање на кредитите на 10% од основачкиот влог, а беше до 30%, исто така е задоцнета мерка. Секако, дека со овие одлуки се имаше добра намера да се редуцира ризикот во штедењето, кредитниот ризик, меѓутоа, мора да признаеме многу, многу доцна.

Имплементацијата на фондот за осигурување на депозити како заштитен механизам на депозити исто така е многу доцна. Колку што јас знам со законот тоа требаше да биде решено до 25 мај 1995 година. Еве веќе сега имаме такви најави, а сега сме 1997 година. Со други зборови економската политика во оваа сфера, во сферата на штедењето секако дека го изневери граѓанинот, што својот акумулиран труд го депонирале во финансиски институции на системот и на сцена се јави една друга појава пропаѓање на тие институции, а граѓаните егзистенцијално

оголени и олеснети од капиталот на својот минат труд и ќе треба да живеат во една несигурна иднина, за што сигурно државата има одговорност да преземе адекватни мерки и активности за решавање на ова прашање.

Во суштина овие болни форми и екцеси мораме да признаеме дека се резултат на индолентност и на неуспех на монетарната власт и пошироко.

Случајот со филијалата на пирамидалната штедилница "ТАТ" банка, штедилница претставува еден еклатантен пример на изгубена кон- трола на монетарната власт во оваа сфера. Се разбира за идентификација на сите небулози ќе е потребно ангажирање на повеќе институции. Институција на Заводот за платен промет, јавни приходи, Министерството за внатрешни работи односно да се прати и да се открие патеката на движењето на парите кои што не знаеме каде се. Со оглед на големината на капиталот или како што се вели вредност која што се доближува и е блиска до државните резерви, сосема логично се наметнува прашањето дали Македонија, што и мене ме загрижува, со оваа болна и екцесивна финансиска шпекулација е вметната во некое сценарио во предворјето на опкружувањето, како што тоа гледаме во Албанија и Бугарија. Ако на ова се додаде на овој пад на штедилниците како извор на инвестиции, а се наоѓаме во состојба на дезинвестирање и инструментот на банките реална камата кои долго стојат како реални камати а се превисоки и го продуцираат, наместо да го смируваат процесот на замрзнување на активноста на стопанските токови, го воведуваме секако стопанството во текови на стопанска неликвидност. А бидејќи сеуште е жив стариот закон за стечај преземен со Законот аз спроведување на Уставот уште од бившата држава кој што исто така претставува една основа што продуцира стечаи, затоа што врз тој закон државата вели дека за 60 дена во првите 75 дена ако еден стопан- ски субјект е неликвиден оди под стечај и продуцира стечајни работници

иако сето тоа сега гоземеме предвид број на невработени кој што е резултат на преструктуирањето на стопанството, стопанската неликвидност и бројот на стечајците, бројот на инсолвентните фирми кој што се зголемува со динамика 25% месечно во првиот период 1995/96 година, секако, дека треба и на ова прашање, а прашањето е каде се парите, да се преземат адекватни и релевантни мерки во контекст на правната држава, законот и Уставот правилно да се лоцира одговорноста и истата да се идентифицира во сите сектори кои што биле надлежни да го пратат функционирањето на овој систем и модел, небегајќи од одговорноста и на сите луѓе од политичката сфера односно на политичкиот фактот, ако на еден одреден начин во ова учествува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Вељо Тантаров, процедурално.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, на почетокот од оваа расправа побарав пратениците да дадат изјави дали некој од нив е вклучен во ова криминално штедење и дали ги имаат подигнато девизните штедни влогови што така е уште потешка криминална работа. До сега ваква изјава овде не е поделена. Ме интересира каде заглави таа изјава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Изјавата односно формуларот на изјавата ќе биде поделен можеби во текот на утрешната седница и ќе имаат време пратениците тоа да го сторат. Не е изгубена работа.

Господин Соколовски има збор.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, очигледно дека денеска расправаме за исто така

многу тешка и суптилна тема после овие два дена расправи кои ги имавме претходно, сметам дека оваа тема по својата тежина и по оној криминал кој е направен над нашите граѓани во државава заслужува потполно внимание од аспект што со овој ланец би рекол на криминални акции украдени се некаде како што спомнаа скоро половина на девизните резерви на државата, што секако претставува некакво и подриваше на тој економски и финансиски систем во државата директно и некаде од прилика барем засега според она што е пак полуофицијално или официјално кажано некаде околу десет) илјади граѓани се ограбени. Сметам дека во оваа ситуација, она што и министерот за правда го спомна господинот Поповски не би требало Владата да бега од одговорноста и не би требало ниту Парламентот и било кои институции кои се инволвирани во сите овие, да кажам инструменти или контролни па би рекол директни кои се инволвирани по име и презиме одредени личности кои работат во тие министерства па и во самата влада па и пошироко да бегаат од таа одговорност, бидејќи да го цитирам и министерот не треба тоа ќебе да се фрла ниту над Владата ниту над Парламентот ниту над јавноста која очекува■сепак да се реши овој проблем. Она што ме мотивира да станам да зборувам е тоа што господинот Станоевски како гувернер на Народна банка кога имаше излагање во Комисијата за финансирање, а и сега не знам зошто не го спомна случајот на штедилницата или претпријатието за штедење или кредитирање "Југомаркет" од Скопје а подоцна и "Југомаркет" банка. Бидејќи не го спомна еве јас сум должен бидејќи доста од тие штедачи ми се обратија мене лично, а ќе кажам од кои причини, некако една мала хронологија да дадам за тој случај, односно да дадам практично една шема како и на кој начин се ограбени некаде околу 400 штедачи во оваа штедитно - кредитна организација бивша "Југомаркет" и потоа "Југомаркет" банка каде што се ограбени некаде околу милион и петстотини илјади марки.

XII/7

Морам да спомнам дека како прва индикација што овој Парламент ,ја имаше беше индикацијата преку Комисијата за анкетни прашања односно за човекови права таа комисија некаков пандам или замена за онаа комисија која што е за поплаки и жалби и прва индикација која ја имавме ние во таа комисија некаде беше во септември 1995 година кога за прв пат добивме приговори од група оштетени граѓани, штедачи на Штедилницата "Југомаркет" дека се ограбени и дека бидејќи немаат каде не постои таа комисија за жалби и поплаки се обративме до Комисијата, Анкетната комисија за човекови права.

Ние тогаш како комисија баравме од одредени институции било од Владата било и пошироко баравме посебно од Јавното обвинителство од судовите, баравме информации за да можеме на база на тие информации да заокружиме некакво мислење, некакви информации да ја. презентираме до Парламентот односно пошироко да иницираме одредени институции кои затаиле во процесот на одлучувањето, во процесот посебно во судството да ги преземат оние мерки што требаше да ги преземат за да се открие точно кој ги ограбил, со кој износ и нормално тие граѓани на некој на- чин да бидат обесштетени.

За жал добивме многу малку информации во тоа време. Единствено добивме некакви информации од тогашниот тобожен Суд I во Скопје, меѓутоа од другите институции не добивме информации и веројатно поради недостаток на тие информации, покрај тоа што јавноста во тоа време беше анимирана. Не можевме во потполност да дадеме информации и во Парламентот во една расправа каде што ќе се прикажеше случајот на грабежот во таа штедилница односно на некој начин да овозможевме да дадеме некое, црвено светло во тоа време дека се случува нешто во тие штедилници во земјава.

Јас само ќе спомнам кои се тие клучни точки, по мое мислење, кој што во случајот "Југомаркет" се битни и од кои не може ниту Владата, ниту Министерството кое го има владата, па и Народната банка и Јавното обвинителство да побегнат од тие факти. Да бидам пократок тоа го срочив некако на кратко.

Министерството за финансии покрај фактот дека презема одредени активности спрема Информацијата од Владата на Република Македонија во случајот со "Југомаркет" дури на 11.11.1993 година презема активности со барање Народната банка на Македонија да изврши контрола на штедилниците во смисла на основачите правата и обврските по барање на група штедачи.

Фактот дека веќе на 28.05.1993 година на оваа штедилница во согласност со Законот за банки и штедилници престана функција односно и е даден рок од шест месеци да се пререгистрира, тој факт го занемарува односно ваквата прва реакција од министерството требало да стои многу порано, тоа значи во периодот од една година додека била во функција таа штедилница.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ: (**Продолжение)

Ваквото бараше треба да биде, непокажување и барање на групата оштетени штедачи, туку по обврската што по членот 8 од Законот за кредитно штедните организации и работење со штедилниците, Сл.весник на СРМ бр.22/78 е кажано јасно и децидно каде што се вели дека покрај другите одредби, ја имаме контролата како една од основите за контрола на оваа штедилница. Истата одредба јасно е пренесена и во новиот закон за банките и штедилниците.

Бидејќи одговорот не е добиен, Министерството за финансии повторно, на 1.12.1993 година бара одговор на НБМ, по што дури на 4.12.1993 година доби информација дека е извршена контрола на 19.11.1993 година.

Примерот со штедилницата "Југомаркет" доволно покажува за ненавремените реакции на Министерството за финансии во однос на обврските на НБМ што треба да ги има спрема позитивните закони во однос на контролниот систем, туку и за задоцнетите ургенции што ова Министерство и ма во однос на барањата на НБ.

Нешто слично се случи во случаите на "Македонија реклам" и "Алфа С".

Министерството за правда во случајот на "Југо маркет" и во однос на поставената писмена информација од Јавното обвинителство на ден 23.2.1995 година до тогашниот Општински суд I, дури по спроведената истрага на 8.1.1995 година поднесува обвинение до Судот против Моралиќ за три кривични дела, по член 161, став 1 од КЗ на РМ и 3 кривични дела - измама по член 161 став 2 од КЗ на РМ.

Очигледната и позната инертност на судовите придонесува дури на 1.8.19 95 година е закажан прв претрес кој многу пати одложуван поради

недоаѓање на обвинетиот и дури по 6 месеци, значи некаде на 28.2., со изречена мерка притвор, условен е како да тој биде донесен пред Судот и тоа судење да се одржи. Како последица на целата недоследност се донесува ослободителна пресуда спрема дотичниот Моралиќ, кој за среќа сеуште не е дадена во писмена форма, колку што сум информиран, од јавниот обвинител.

НБ во овој случај, покрај фактот за неизвршување на редовни контроли, почнувајќи од формирањето на штедилницата од 28.10.1992 година до 28.5.1993 година кога таа треба да се пререгистрир дозволува "Југомаркет" и понатаму да склучува договори и да прима нови вложувања.

Со оглед на фактот дека од 18.6.1993 година со решение на НБМ се основа "Југомаркет банка" но не се регистрира до 29.1993 година сопственикот и основачот на банката во овој период од 4 месеци склучува договори и прима нови вложувања, односно врши нови грабежи од штедачите. Истото се случува и по издавањето на решението за прекин на работата на оваа штедилница "Југомаркет банка" со важност од 23.3.1993 година, што овозможува до јануари 1994 година незаконски да се склучуваат нови договори со штедачите односно на нов малку попрефинет начин се вршат ограбуваша на штедачите.

Не би сакал понатаму да елаборирам за сите пропусти што понатаму се случуваат, но во овој случај на 11 Југомаркет" се случуваат два вакуми во кои, во периодот од 4 односно 6 месеци успева основачот и газдата на "Југомаркет" да врши легално ограбување на штедачите. Исто така, НБМ му дава согласност за пререгистрирање на штедилницата "Југомаркет" во "Југомаркет банка" при што веројатно не биле запазенн основните барања кои се и битни услови за регистрација на ваквата банка, а тоа стои, пред се од аспект на просторот и стручниот

кадар .Мислам од аспект на просторот и на стручниот кадар ако се направи некоја ретроспектива кај сите штедилници, прашање е дали тие штедилници во тој момент кога треба да се регистрираат како банки ги имале исполнето овие услови од аспект на просторот во кој треба да работат и од аспект на стручниот кадар кој треба да го имаат овие штедилници.

Во интерес на времето, веројатно поради другите дискутанти не би навлегувал во другите случаи, бидејќи беа доволно елаборирани.

На крајот би поставил две прашања до гувернерот за кои сакам, ако е во можност да ги одговори, бидејќи јавноста што не следи, односно штедачите, сигурно ќе бидат заинтересирани.

Првото прашање е, бидејќи тој спомнува случајот со ТАТ - Битола дека некаде околу 60 милиони ДЕМ не се знае каде се инвестирани, каде се тие пари, дури спомна дека директорката не можела да ги стави во некој контејнер за ѓубре, па моето прашање би било следното:

Со оглед на многуте инсинуации и нови шпекулации што ги имаше во медиумите дека ТАТ - Битола е поврзана со пирамидалните штедилници во Албанија, дали има некакви податоци било НБ, било Владата, било МВР, дали дел од тие пари, или поголема сума пари се пренесени во тие штедилници во Албанија кои пропаднаа.

1Второто прашање до гувернерот е следното:

Ако веќе се знае дека акционерското друштво за осигурување ТАМ - Битола на некој начин претставува сопственост на семејството Николовски, а очигледно е инволвирано, покрај оваа фирма ТАМ и уште една фирма во Битола "2 САД" - Битола, зошто досега не се испратени никакви инспекции во тие две фирми, бидејќи се знае нивната

инволвираност, посебно што тие биле врзани со ТАТ - Битола. Уште еднаш да повторам, се надевам дека Владата повторно ќе излезе со добри информации пред ова Собрание, ќе ги согледа сите релевантни фактори, објективно ќе не информира нас и пак ќе повторам, она што го реков на почетокот, Владата не може да одбегне својата одговорност, мора да ја сноси одговорноста своја, да каже точно кој се тие министри кои се инволвирани во случаите на овие кражби по штедилниците, кој се тие индиректни фактори кои влијаеле или луѓе кои се во оваа функција, а се припадници на одделни министерства, тоа исто важи и за НБ, за да можеме објективно пред целата јавност да ги изнесеме фактите и да дадеме едно конечно решение кое, се надевам, ќе ги задоволи и јавноста и штедачите и сите нас со една цел, оваа држава да ја направиме демократска и правна, се разбира, доколку можеме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Станковски има процедурално прашање.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани минситри, почитувани колеги.

Во врска со изјавите кои се бараа од страна на пратеникот и потпишување на тие изјави, парламентарците од ЛП, доколку тие изјави дојдат ќе ги потпишат.

Меѓутоа, исто атка сакам да напоменам, да не се повтори фактот со изјавите кои ги потпишаа членовите на Владата каде што изјавија дека сите тие имаат некој имот, од велосипед со штипалка за панталони, до едnoсобен стан. Мислам, само администрација која не располага со податоци и држава која не располага со податоци бара изјава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, ќе настојуваме да бидеме пообјективни.

Има збор г-динот Борко Станоевски.

**БОРКО СТАНОЕВСКИ:**

Прво сакам да кажам, еден од пратениците спомна дека членот 73 и 74 од Законот за банки и штедилници го толкува на начин кој овозможува на НБ увид кај пасивата. Јас веднаш коментирам, меѓутоа и министерот за правда тоа така го протолкува. Јас мислам дека и едното и другото толкување е погрешно и го молам Парламентот ако може да донесе заклучок, за наредната седница кога ќе се расправа по ова прашаше, ако може да се обезбеди автентично толкување на овие два члена, а јас ќе се потрудам, бидејќи овие 2 члена се пропишани од закони за банкарско работење низ Европа, од Германија, од Австрија ќе се потрудам да добијам толкување од тамошните централни банки, како тие тоа го толкуваат.

Јас најодговорно тврдам дека член 74 значи дека ниедна банка не смее да даде податок по име и презиме за штеден влог на граѓанин и за тековна сметка на граѓанин, без судски налог на било кој работник во НВМ. Тоа затоа што имаше тврдење на НБ може да гледа ама не смее да ги објавува. Тоа се апсолутно две спротивни мислења и од тоа треба да излеземе. Имаме закони, според тоа може да излезе кој како сака така може да ги толкува, што исто така не е добро. Треба да ги прецизираме, да кажеме што е и како е.

Околу "Југомаркет", некоментирам затоа што се сметам за ненадлежен.

"Југомаркет", "Македонија реклам". "Џамаданче"  тн. такви има 95 иљади фирми во Македонија, кои можат на различни начини да земаат

XIII/6

позјамици, акти и не знам што, НБ не е надлежна да врши контрола над нив. МБ е надлежна, сето тоа што го кажа министерот за правда, да врши контрола на штедилниците и банките. Јас тие членови што тој ги цитираше, да ме пробудите во 12 часот ќе ги кажам. Ги знам на памет. Меѓутоа, не се согласувам со него по однос нас членот 74.

Јас не кажав дека во штедилницата ТАТ недостигаат 60 милиони ДЕМ. Не реков дека фалат ни 6 милиона ДЕМ. Треба да се утврди. Сега ако се гледаат така работите како што се, изгледа дека имаме поголема пасива отколку што имаме актива. Меѓутоа, ни едниот податок ни другиот не се дефинитивни, а многу битно е податокот за штедните влогови да го аналитички разглобиме и утврдиме колку е од тоа главница, а колку камати кои се во подоцнежните периоди, 1994, 1995, рекапитализирани и покажани како главни. Ако влегле 50 милиони, а другите 60 се камата, тогаш не фалат воопшто пари. Тука се парите, во Битола само што сега побарувањата на многу битолчани или било од каде да се штедачите се зголемени од таа штедилница, по основ на камата. Тогаш тие неможат да тврдат дека се опљачкани со 110 милиони, туку ќе се зборува за 50 милиони ДЕМ.

Ова е многу тешка операција. Јас ви кажав како настојуваме да ја изведеме. Одиме да утврдиме прво по име и презиме штедни книшки, потоа ќе се обидеме да ги средиме по едно лице од фамилија, бидејќи се јавуваат од една фамилија 5-6 души и татко и мајка, и деца. На пример таткото влегол со 50 илјади марки, следната камата е влог на синот, па следната на ќерката и тн. Сето тоа ќе се обидеме да го направиме и ако успееме да го добиеме тоа ќе биде многу вреден податок. Тоа е прашањето за дефицитот во Буџетот. Јас немам никакви информации дека постои некаква врска штедилница ТАТ со Албанија.

За тоа дали има некаква врска на штедилница ТАТ со Албанија, јас реков не познавам дека има, а надлежните органи односно истражните органи доколку дојдат до такво нешто, веројатно ќе го откријат и ќе преземат мерки.

Во осигурителното друштво ТАМ ние сме вршеле еднаш контрола од аспект на неговата капитална адекватност и сме дошле до констатација дека не е тоа соодветно осигурување на штедните влогови што ги има во штедилница ТАТ и затоа наложивме на штедилница ТАТ во август минатата година да најде дополнителни инструменти за осигурување на штедните влогови. Таа се обиде на неколку начини, со реосигурување, се обидоа со осигурување кај 30ИЈ1 Македонија, се обидоа со хипотеки на имот, меѓутоа, не можеа да ја достигнат вредноста на штедните влогови и затоа во еден протокол беше договорено со нив да не смеат повеќе да ги зголемуваат депозитите. Практично во официјалното книговодство нема зголемување на депозитите од август минатата година до февруари оваа година.

Друго прашање имаше дали во ТАТ има инволвирани работници на НБ на РМ. Јас тоа на Комисијата го кажав, нема причини да не го потврдам.

од обвинителните акти против двајца работници на НБ, сфативте сите и јас сфатив дека се внатре во штедилница и со штедни влогови и со кредити. Уште еден човек има од НБ, исто така од супервизија, кој имал штеден влог 3 месеци и си го подигнал, тој тоа го пријави и уште една работничка чиј татко штедел во штедилницата 1 месец и си го подигнал со каматата штедниот влог. Тоа е се.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

По однос на автентичното толкување се разбира, Собранието ќе се произнесе доколку некој побара од него автентично толкување во

постапка предвидена со Деловникот.

Г-динот Соколовски бара реплика.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Само на кратко, јас би сакал да го потсетам г-динот гувернер дека со решение 11705 од 27.9.1993 година на Окружниот стопански суд во Скопје, во судскиот регистар е впишано основање на "Југомаркет банка" АД - Скопје со седиште на Ул."Васил Главинов" без број. Основачи на банката се "Вардар турс" и тн. тоа се десетина фирми кои фиктивно постојат, а практично истиот основач ги основал па со истиот ден префрлање на средства на штедачите го дал влогот од 15 милиони денари. Значи тоа е друга незаконска работа која ја има направено основачот, што значи дека де факто постои "Југомаркет" банка и постоела. Значи била под надлежност на НБ.

**БОРКО СТАНОЕВСКИ:**

Апсолутно точно е тоа што го изнесовте. Постоеше "Југомаркет банка" 6 месеци, не работеше ништо, ние ги исполни почетните услови и е одземена дозволата за работа. преку жиро сметката и касата на таа банка не е направен ниту денар промет, ниту уплати ниту исплати. Уплатен беше само основачкиот капитал и тој беше вратен. Овде станува збор за трговско претпријатие за промет на големо и мало и штедно кредитно претпријатие "Југомаркет" - Скоп^е, а не "Југомаркет" банка - Скопје. Тоа трговско претпријатие има 1,5 милиони штедни влогови и ги влече граѓаните 3,5 или 4 години.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се имаат пријавено за дискусија уште 12 пратеници. Претпоставувам дека вечерва не можеме да завршиме, затоа предлагам овде да прекинеме со расправат а и утре да продолжиме во 11 часот.

(седницата прекина со работа во 19,00 часот)